АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 16.04.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1924/1 | | |


# ПРЕДИЗБОРИЕ - 2024 ГОДИНА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ

## ОД 8 МАРТ ДО 3 АПРИЛ

***Методолошки напомени***

Мониторингот на „медиумското претставување“ за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 година, којшто Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) го спроведува согласно член 76-в од Изборниот законик (ИЗ), е поделен во два дела: едниот од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања, а вториот во текот на кампањата. Оваа поделба се должи на посебните правила за известување за изборниот процес што радиодифузерите мора да ги следат во текот на изборната кампања. Поради должината на периодот пред кампањата - од 15 февруари до 3 април 2024 година, Агенцијата одлучи да објави два извештаи од мониторингот на предизборието. Првиот, од 15 февруари до 7 март беше објавен на 15 март 2024 година, а во овој документ се содржани наодите од вториот период - од 8 март до 3 април 2024 година.

Мониторингот ги опфаќа програмските сервиси на девет национални телевизии: *Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на ЈРС Македонска радиотелевизија (МРТ1* и *МРТ2 - Програма на албански јазик); ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ 24* Вести и *ТВ 21-М*, односно оние телевизии кои го исполнуваат критериумот за дневен досег повисок од 2,5 отсто - потврден според истражувањето направено од Маркет Вижн, за периодот април-јуни 2023 година[1].

Согласно „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси“[2], АВМУ ја прегледува целокупната дневна програма на овие сервиси, но ги анализира пред сè прилозите во централните изданија на вестите/ТВ дневникот што се поврзани со теми за предизборието и со домашните актуелни општествено-политички случувања, како и другите видови емисии од овој тематски делокруг. При тоа се следи почитувањето на новинарските начела и посебните забрани (*член 47-а; член 48; член 111*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и повеќе одредби од Изборниот законик кои важат за периодот на предизборието:

- ✓ Дали известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања – е во функција на нечие изборно медиумско претставување (*член 75-б и член 76-а став 12*)?
- ✓ Дали се почитува забраната за емитување платено политичко рекламирање (*член 75-д став 1*)?
- ✓ Дали се почитува забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства (*член 75-д став 4*)?
- ✓ Има ли случаи уредници, новинари, водители и презентери на радио и на телевизиски програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции или на кандидати (*член 75-в*)?
- ✓ Дали огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатури на независни кандидати се емитуваат согласно утврдените правила (*член 75-д, ставови 2 и 3*)?
- ✓ Дали се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење (*член 77, став 2*)?
- ✓ Дали ЈРС емитува дебати, согласно со пропишаното во ИЗ (*член 76-а, став 11*)?
- ✓ ЈРС и националните радиодифузери обезбедуваат информирање за лицата со оштетен слух и вид (*член 75, став 1*).

[1] Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците, за периодот април – јуни 2023 година, достапно на: https://shorturl.at/doW16
[2] Методологијата е достапна на: https://shorturl.at/ghkFO

***Клучни наоди***

Медиумските контури од портретите на официјалните кандидати во претстојниот изборен процес за претседател на државата, преку интердисциплинарни гледишта на пошироката јавност, се исцртуваа главно низ редовните програмски термини за дебати и за интервјуа, но овојпат потцртани и нијансирани со нови сенки од обвиненија за криминал од трговија со политичка моќ, посебно против кандидатот Стевчо Јакимовски, кој беше ставен на т.н. „црна листа“ на САД. Соодносно на таа, за овој период од „предизборието“ - основна тема, во демократски отворената информативна утока на ТВ дневникот којашто беше опфатена со мониторингот за медиумското предизборно претставување во периодот од 8 март до 3 април 2024 година, одредени информативни редакции слеаја дури трипати повеќе новинарски прилози кои беа критички продлабочувани, со коментар или со осврт, а коишто ги зафаќаат непосредните, тековни проблеми на општественото живеење, и можат да се сумираат како – експертско, правно-економско предупредување за неконтролираниот раст на јавниот долг, како и - граѓански или синдикално организирани укажувања, приговори и/или протести поради зголемувањето на режиските и на прехранбените трошоци. Сето тоа се наоѓаше наспроти партиската необврзна предизборна лицитација со висината на минималната и на просечната плата, и општата слабост/нефункционалност на јавните услуги со кои се задолжени органите на државната управа, јавните установи и претпријатијата. Таа широка новинарска општествено-политичка панорама со бројни детали, обликувани како вести во низа и извештаи со коментар/осврт, секојдневно реалистично беше надополнувана со индивидуални трудово-социјални, здравствени, образовни приказни поставени врз фонот на официјалната, споредбено толкувана државна економска и медицинска статистика. На неа, веќе рутински беа прикажувани секојдневните меѓупартиски обвиненија, по формалната верификација на претседателските кандидатури, како и по почетните партиски шпекулации и комбинации околу можните коалициски партнерства и околу носителите на изборните листи за пратеници во шесте изборни единици.

Во најголем број случаи, низ дебатите и интервјуата до израз доаѓа искуството и професионалната подготвеност на новинарите да не дозволат ни самите тие ни пошироката јавност да бидат вовлечени во гореспоменатата реторичка рутина на пословичниот партиски ривалитет, кој враќајќи ја во историски недоглед политичката причина за постојните општествени состојби и ситуации, всушност ја узурпира и ја релативизира конкретната политичка одговорност за последиците од мандатот на извршната власт, односно, на тој начин, во јавната предизборна дебата - претставниците на власта се прикажуваа(т) себеси небаре (безотчетна) опозиција, а претставниците на опозицијата, пак, се амнестираа(т) од меморијата за своето политичко досие. На овој информативен план, исклучително важни за формирање доброинформирана поширока јавност/избирачи за двата изборни процеса, се покажаа и новинарските прилози и посебните актуелно-информативни емисии за кои поттикнувачи и двигатели на објективната анализа на општествено-политичките состојби во различни ресори не беа шпекулации/провокации од политичка партија, туку методолошки засновано, проверливо истражување на граѓански сектор или на странска институција со реален (финансиски/консултативен) удел во домашните процеси.

Ни во овој период од „предизборието“, мониторингот не констатираше медиумско претставување на изборниот процес спротивно на обврските за медиумите пропишани во ИЗ и во ЗААВМУ. Ова пред сè се должи на таквата критичка опсервација на резултатите и на тековните активности на Владата и на носителите на јавните функции, која беше, во основа, споредбено поставувана - преку архива и преку приказ на постојните општествено-политички состојби и ситуации, пред сè како составни делови од истражувачкиот новинарски ангажман од актуелно-информативните програми со документаристички пристап (на пример - „Код“ на ТВ Телма, „360 степени“ на МРТ 1 и „Детектор“ на ТВ Сител). Како дополнување на редакциските опсервации за очекувањата во врска со демократичноста на предизборниот амбиент, треба да се напоменат и експертските гледишта за (не)веродостојноста на изборните кампањи, поделени меѓу – негативната етикеција на политичкиот противник и реалната мотивација на политичките симпатизери.

Инаку - дебати без полемичност и интервјуа сведени на промо/монолог – и во овој изборен процес се веќе очекуваните последици од отсуството на „втората страна“, неизоставно засегната од медиумското претставување во изборната панорама. Всушност, без разлика на мотивите за политичка или за идеолошка нетрпеливост (кои обично се нејасни, за просечниот ТВ/радио реципиент без конкретен увид во нерегулираната изборна кампања низ т.н. „социјални мрежи“) - взаемниот долгогодишен партиско-медиумски бојкот се покажува мошне контрапродуктивен - и за кредибилитетот на политичките фактори и за кредибилитетот на уредувачката политика, односно - за квалитетот на јавната дебата, воопшто.

Во делот од мониторингот на медиумскиот пристап кон градењето демократски (плурален) предизборен амбиент, посебно треба да се издвојат и преповторените жалби на информативните редакции на ТВ Алсат-М и на ТВ Алфа – за постојаната изложеност на различни видови бојкот и притисок при обидите за новинарска комуникација со претставници од владејачките партии ДУИ и СДСМ, било од партиски членови било од носители на јавна функција во некој орган на државната управа или во јавните установи/претпријатија. Конкретно - уредништвото на ТВ Алсат-М, на 25 март самоиницијативно до АВМУ достави официјален допис во кој наведе примери за долгогодишното одбивање на владејачката ДУИ да гостува во нејзините информативни емисии (интервјуа/дебати), а како дополнителен доказ достави и фотографии (екрански снимки од социјални мрежи) што редакцијата ги толкува како – (не)посредна партиска закана за безбедноста на своите новинари. Коле Чашуле, новинарот-уредник на актуелно-информативната емисија „Седмица", во изданието од 31 март, пак, нагласувајќи го неприкосновеното право за слободен новинарски коментар, одново експлицитно го посочи бојкотот што информативната редакција на ТВ Алфа го трпи од владејачките СДСМ и ДУИ, како основна причина редакцијата низ различни новинарски облици (освен основните - вест и извештај) да инсистира на јасна јавна отчетност, посебно од извршната власт.

Информативните редакции на МРТ 1 и на МРТ 2 ја следеа работата на ДИК околу организацијата на двата изборни процеса, а емитуваа и дебати на предизборна тематика, што се задолжителен дел од програмската понуда на ЈРС Македонска радиотелевизија според членот 76-а став 11 од ИЗ. Едно од своите изданија на ТВ Дневникот, редакциите на МРТ 1 (*во 17 часот*) и на ТВ 24 Вести (*во 20 часот*) го преведуваа и на знаковен јазик за лицата со оштетен слух.

Во прилог на подобрување на општата медиумска писменост, Првиот и Вториот програмски сервис на Македонската радиотелевизија преку бесплатно емитување промовираа куси едукативни спотови направени како видео-поимник од истражувањето насловено „Мерење штетни политички наративи", спроведено од македонскиот Институт за комуникациски студии.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

### <u>Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)</u>

1. **Дневно-информативни емисии:**

***Примерок за анализата*:**

Дневник 2 од 19:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење*:**

Од 8 март до 3 април 2024 година беа анализирани 27 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 11 часа 27 минути и 57 секунди.

***Пристапност на вестите*:**

Анализираното издание на вестите не беше прилагодено за лицата со оштетен слух, но на знаковен јазик беше прилагодено изданието на Дневник 1, емитувано во 17 часот.

***Главни теми и начин на известување*:**

Во извештајниот период, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, преку вести и извештаи, најчесто известуваше за: активностите на партиите поврзани со двојните избори (*промовирање и потврдување на претседателските кандидати, листите со кандидати за Парламентарните избори по изборни единици со нивни носители, партиски конгреси и конвенции, промоции на изборните програми, предизборни коалицирања, промоции на економските програми пред стопанствениците*); ситуацијата со епидемија од „голема кашлица“ и заканите за прелевање на епидемија на морбили од соседството (*состојбите во градинките и засилените контроли, податоци од ЦЈЗ и вакциналните пунктови, опфатот на вакцинирани деца, апелите на здравствените лица за вакцинирање*); активности на ДИК поврзани со двојните избори (*потврдување на претседателските кандидати, роковниците, избирачкиот список, листи за пратеници*); претседателскиот кандидат Стевчо Јакимовски и поранешната јавна обвинителка, Катица Јанева – на „црната листа“ на САД и убиството на матичен лекар во скопската населба Железара (*податоци од МВР, протести на матичните лекари, реакции на лекарски здруженија*); издавањето лични документи и начините да се надмине ситуацијата (*доставувањето на готовите документи, гласање на изборите со стари важечки документи*); Законот за нефер трговски практики – состојбата со цените на производите по укинувањето на државната мерка „гарантирана цена“; синдикални активности (*Закон за минимална плата, најави за протести*); редовните активности на органите на власта.

Во рамките на Дневник 2, централното дневноинформативно издание на МРТ1, во анализираниот период беа емитувани четири интервјуа на теми поврзани со изборите, и тоа со: Димитар Ковачевски, претседателот на СДСМ; Христијан Мицкоски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ; Татјана Димитровска, претседателката на ДКСК и со Андреј Пленковиќ, премиерот на Република Хрватска.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на МРТ1***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:19:37 | 11.57 | % |
| СДСМ | 01:24:56 | 12.35 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:49 | 1.72 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:10 | 0.17 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:53 | 0.13 | % |
| ДИК | 00:26:55 | 3.91 | % |
| Влада | 00:50:06 | 7.28 | % |
| Собрание | 00:07:33 | 1.10 | % |
| Претседател | 00:02:24 | 0.35 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:08 | 0.31 | % |
| Други субјекти | 01:39:51 | 14.52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:36:25 | 5.29 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:02 | 0.15 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:21 | 0.05 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:05:00 | 0.73 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:01:00 | 0.14 | % |
| Беса | 00:00:21 | 0.05 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:53 | 1.58 | % |
| Судство | 00:07:40 | 1.11 | % |
| Граѓански сектор | 00:58:39 | 8.53 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:26:48 | 3.90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:38:25 | 5.59 | % |
| Левица | 00:02:05 | 0.30 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:21 | 0.05 | % |
| АРМ | 00:01:14 | 0.18 | % |
| Независни кандидати | 00:00:21 | 0.05 | % |
| Граѓани | 01:09:12 | 10.06 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:21 | 0.05 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:13:32 | 1.97 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:38 | 0.96 | % |
| Здравство | 00:13:27 | 1.96 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:05:06 | 0.74 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:06:21 | 0.92 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:03:10 | 0.46 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:05:40 | 0.82 | % |
| Нова Алтернатива | 00:00:10 | 0.02 | % |
| ЗНАМ | 00:04:22 | 0.64 | % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:00:52 | 0.12 | % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:00:18 | 0.04 | % |
| Европски фронт | 00:00:53 | 0.13 | % |
| | **Вкупно: 11:27:57** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии:**

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>***:

Во анализираниот период, од 8 март до 3 април, четирите изданија на дебатната емисија „Избори 2024“, колку што беа реализирани во извештајниот период, беа прилагодени за лицата со оштетен слух, со превод на знаковен јазик.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 2: Интервјуа на МРТ1***

| МРТ1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **11.03.** | Фатмир Битиќи – вицепремиер за економски прашања/ потпретседател на СДСМ; | - зависноста на македонската економија од случувањата во германската економија;<br>- трошење буџетски средства пред избори;<br>- Закон за нефер трговски практики, мерката „гарантирана цена“;<br>- предлог-законите за стратешки инвестиции и опструкциите на ДУИ;<br>- носители на изборни листи на СДСМ;<br>- економската програма на СДСМ за изборите; | **360 степени** |
| **13.03.** | Душан Томшиќ – член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација; | - исполнување на Препораките за еднаков пристап до правото на глас;<br>- пристап до гласачките места за лицата со попреченост;<br>- засилен мониторинг на говорот на омраза во изборниот период на медиумите;<br>- постапување по претставки во изборниот процес; | **Македонија наутро – утринска програма** |
| **13.03.** | Андреј Пленковиќ – премиер на Хрватска; | - изборна година во Хрватска;<br>- изборниот процес во Македонија;<br>- евроинтегративниот пат на Македонија;<br>- опструкциите од Бугарија и начинот на носење одлуки во ЕУ;<br>- 10 години Хрватска во ЕУ, очекувања од европските избори; | **Дневник 2** |
| **14.03.** | Игор Јадровски – претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација; | - измени на Изборен законик;<br>- статусот на гласачите што наполниле 18 години меѓу двата изборни процеса;<br>- препораки на КСЗД за пристапност до гласачките места за лицата со попреченост;<br>- засилен мониторинг на вознемирувачкиот говор и дискриминација во предизборните кампањи;<br>- постапување по претставки во изборниот процес; | **360 степени** |
| **15.03.** | Анџела Агелер – амбасадорка на САД; | - политичките наративи на партиите во предизборието и во изборната кампања;<br>- владеење на правото, измените на Кривичниот законик, неказнивоста на високата корупција;<br>- очекувања од Законот за рестриктивни мерки;<br>- улогата на медиумите во изборниот процес;<br>- предизвиците со кои се соочуваат жените; | **Агенда 35** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.03.** | Гордана Димитриеска - Кочоска – потпретседателка на ВМРО ДПМНЕ; | - носители на листи по ИЕ – застапеност на жени носителки;<br>- очекувања од изборите, број на освоени мандати;<br>- трошење буџетски пари, висина на јавен долг;<br>- економската изборна програма – инвестиции, плати, пензии; | **360 степени** |
| **18.03.** | Татјана Димитровска – претседателка на ДКСК; | - користење службени возила за партиски цели;<br>- надзор на ДКСК на изборните процеси – финансирањето на партиите и донациите;<br>- соработка на релација ДКСК – Јавно обвинителство;<br>- предмети поврзани со двојните избори; | **Дневник 2** |
| **22.03.** | Маја Кадиевска – Војновиќ – членка на ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - оценка за економската состојба на државата;<br>- оценки за фискалната политика, економскиот раст, справување со инфлацијата;<br>- економската изборна програма на ВМРО ДПМНЕ; | **Агенда 35** |
| **25.03.** | Димитар Ковачевски – претседател на СДСМ; | - критериуми за подготвување на пратеничките листи;<br>- изборна програма на СДСМ – споредба со претходните програми;<br>- одлив на коалициските партнери;<br>- очекувања од двојните избори;<br>- односите со ДУИ и можностите за идни коалицирања;<br>- успесите и неуспесите на Владата на СДСМ; | **Дневник 2** |
| **25.03.** | д-р Венко Филипче – носител на листа на СДСМ во ИЕ 4/ поранешен министер за здравство; | - несогласувања во СДСМ;<br>- составувањето на пратеничките листи;<br>- очекувања од Парламентарните избори;<br>- оценки за работата на претходната Влада на СДСМ; | **360 степени** |
| **27.03.** | проф. д-р Христијан Мицкоски – претседател на ВМРО ДПМНЕ; | - изборна програмска понуда „Платформа 1198";<br>- реорганизација на министерства и институции;<br>- услови за коалицирање во идната влада;<br>- реформи во судството и обвинителството;<br>- став за уставните измени;<br>- предизборно и постизборно коалицирање;<br>- составување на пратеничките изборни листи; | **Дневник 2** |
| **28.03.** | Филип Рикер – поранешен амбасадор на САД во РСМ и поранешен шеф на американската дипломатија во Европа; | - оценка за демократската атмосфера и условите за избори во земјава;<br>- странски влијанија во изборниот процес;<br>- ЕУ-интеграцијата по изборите и уставните измени;<br>- справување со корупцијата, американската „црна листа"; | **360 степени** |
| **01.04.** | Александар Николоски – потпретседател на ВМРО ДПМНЕ/ носител на листа во ИЕ 4; | - листите за пратеници на ВМРО ДПМНЕ;<br>- одзивот на гласачите и очекувањата од изборите;<br>- постизборно коалицирање;<br>- уставните измени и Договорот со Бугарија;<br>- реформи во судството и обвинителството. | **360 степени** |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Во анализираниот период, од 8 март до 3 април, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, продолжи со дебатните изданија на емисијата „Објектив", во којашто беа емитувани резултати од испитување на јавното мислење поврзани со претстојните двојни избори, за Македонската телевизија спроведени од Институтот за политички истражувања – Скопје, при што низ дебата, резултатите ги

коментираа политички аналитичари, универзитетски професори, познавачи на политичките случувања. Во четирите изданија на „Објектив“ гостите редоследно анализираа за: - податоците од испитувањето на јавното мислење во третата и во четвртата изборна единица, за периодот февруари – март, во врска со општествените движења и за рејтинзите на политичките партии и на кандидатите за претседател; - кумулативните резултати (од шесте изборни единици) во врска со општествените движења и рејтинзите на политичките партии и на кандидатите за претседател, со симулација на пратенички мандати (споредба на трендовите од февруари и од март); - општествените движења и рејтинзите на политичките партии и на кандидатите за претседател во првата и во петтата изборна единица (за март и споредба со трендовите од јануари и од февруари); - политичките случувања и анализа на нови резултати од истражувањето на јавното мислење за рејтинзите на политичките партии и кандидатите за претседател во втората и во шестата изборна единица (за март, споредено со јануари/февруари).

МРТ1 емитуваше и четири изданија од дебатната емисија „Избори 2024“, во коишто ставовите ги соочија претставници од најголемите политички партии од власта и од опозицијата, а простор беше отстапен и за други политички субјекти – најавени како учесници во изборниот процес. Се дискутираше за прашања поврзани со двојните избори, а низ дебатните соочувања беа опфатени следниве теми: учеството на жените во креирањето партиски политики; идејата за избор на претседател на државата во Собранието; очекувањата од Претседателските и од Парламентарните избори; партиските наративи во кампањите; идејата за отворени листи и една изборна единица; уставните измени и партиските позиции; изборните програми на партиите; состојбата на македонската економија и справувањето со сивата економија; економијата во партиските изборни програми; борбата со криминалот и со корупцијата.

Во извештајниот период беше емитувано едно издание од емисијата „Разговор во редакција“, во којашто претседателите на партиските подмладоци на СДСМ, ВМРО ДПМНЕ и на Левица, дебатираа за: гласот на подмладоците во рамките на партиите и нивната независност; буџетските пари за платено политичко рекламирање (ППР) и за кампањи од јавен интерес; ширењето штетни политички наративи; и за заедничките иницијативи на подмладоците.

***<u>Табела 3: Дебатни емисии на МРТ1</u>***

| **МРТ1** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **08.03.** | 1. Жаклина Лазаревска, пратеничка од СДСМ;<br>2. Жаклина Пешевска, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ;<br>3. Арлинда Ѓакова, од Коалицијата ВРЕДИ;<br><br>**<u>Биле поканети и претставници од ДУИ, но не се одзвале на поканата.</u>** | **Избори 2024** |
| **12.03.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Сефер Селими, политички аналитичар;<br>4. проф. д-р Жидас Даскаловски, политички аналитичар; | **Објектив** |
| **15.03.** | 1. Добрила Андоновска, потпретседателка на ГРОМ;<br>2. Валентин Груевски, потпретседател на ЛДП;<br>3. Павле Арсоски, потпретседател на ЗНАМ;<br><br>**<u>Биле поканети претставници од Левица и од Алијанса за Албанците (Зијадин Села), но не се одзвале на поканата.</u>** | **Избори 2024** |
| **19.03.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Ибрахим Мехмети, политички аналитичар;<br>3. Петар Арсовски, политички аналитичар; | **Објектив** |
| **22.03.** | 1. Маја Кадиевска - Војновиќ, ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Крешник Бектеши, ДУИ;<br><br>**<u>Биле поканети претставници и од СДСМ и од ЗНАМ, но не се одзвале на поканата.</u>** | **Избори 2024** |

| | | |
|---|---|---|
| **26.03.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Џељал Незири, политички аналитичар;<br>4. Марко Трошановски, политички аналитичар; | **Објектив** |
| **29.03.** | 1. Маја Морачанин, претседателка на ДОМ;<br>2. Павле Трајанов, претседател на ДС;<br><br>**Биле поканети и лидерите на НСДП и на СПМ, но поради обврски не се одзвале на поканата.** | **Избори 2024** |
| **02.04.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Ненад Марковиќ, универзитетски професор/политички аналитичар;<br>3. Исмет Рамадани, претседател на Евроатланскиот совет/политички аналитичар; | **Објектив** |
| **03.04.** | 1. Марко Михаилоски, претседател на Социјалдемократската младина на Македонија (СДСМ);<br>2. Сергеј Попов, претседател на Унијата на млади сили на ВМРО ДПМНЕ;<br>3. Марио Јаневски, претседател на Црвена младина (Левица);<br><br>**Бил поканет и претседателот на подмладокот на ДУИ, но не се одзвал на поканата.** | **Разговор во редакција** |

***Други информативни емисии***

Во две од магазинските изданија на информативната емисија „360 степени“, беа емитувани две стории на теми поврзани со претстојните двојни избори, и тоа за: финансирањето на ППР на медиумите од буџетот на државата, возобновеното државно рекламирање на медиумите и државната поддршка за печатените медиуми; дали е законски и етички да се водат платени партиски кампањи пред почетокот на изборната кампања. Во едно издание на информативната емисија „Агенда 35“ се обработуваше темата за партиска злоупотреба на предизборни вработувања во јавниот сектор. Тема на емисијата „Само прашај“, од 26 март, беше пријавувањето изборни нерегуларности, препознавањето штетни наративи во изборниот процес и запознавањето со институциите задолжени за постапување по овие прашања.

## Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2)

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 18:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 8 март до 3 април 2024 година беа анализирани 27 изданија на централните вести од 18:30 часот, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 6 часа 58 минути и 31 секунда.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание на Вестите на МРТ2 не беше прилагодено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување***:

Во вестите од 18:30 часот, двојниот изборен процес главно беше проследен низ новинарски прилози за организациските активности во кои со свои стручен удел и надлежност се вклучени: ДИК, ДКСК, набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР и Комисијата на Советот на Европа. Проследено беше и потпишувањето на Декларацијата за фер избори, на која ѝ претходеа низа извештаи за секојдневните меѓупартиски обвинувања, потоа за преговорите околу изборните коалиции, за комплетирањето на листите за пратеници, како и за средбите на претставници на политичките партии со граѓаните и претставувањата на изборната програма преку работни состаноци со претставниците на стопанските комори.

Сепак, во селектираниот предизборен период за мониторинг, информативната редакција посебно внимание им посвети на актуелни социо-политички теми од државава и од светот, од кои би ги издвоиле редовните извештаи за активностите на Државниот санитарен инспекторат и на Комисијата за заразни болести (*изјави од министерот за здравство, доктори и здравствени експерти*), вакцинацијата на децата против „голема кашлица“, потоа протестите на студентите од УКИМ, на Сојузот на синдикатите на Македонија и на вработените во Македонска пошта, а од темите произлезени од собраниската дебата – гласањето на Законот за нефер трговски практики и измените на Законот за извршување на санкциите, како и меѓупартиското разногласие околу Законот за игри на среќа. Место во централното издание на ТВ дневникот се најде и за поенти од извештајот на ГРЕКО – групата европски држави против корупцијата, потоа за истрагите на ОЛАФ за проневерени пари од ЕУ наменети за проекти во високото образование, за проблемот со издавањето документи за лична идентификација и за судската одлука околу печатите на партијата Алијанса за Албанците. Под рубриката „црна хроника“, беа евидентирани убиството на матичен лекар од поликлиниката „Железара“ и вооружениот напад врз градоначалникот на Општина Арачиново. Од протоколарните владини активности, пак, новинарското внимание го привлекоа - одбележувањето на четиригодишнината од членството во НАТО и учеството на д-р Бујар Османи на министерскиот состанок на Алијансата, како и договорот за соработка меѓу министерствата за одбрана на Македонија и на Италија.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 4: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на МРТ2***

| ТВ МРТ2 – на албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:31:53 | 7.62 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:31:36 | 7.55 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:29:49 | 7.12 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:24 | 0.33 | % |
| ДИК | 00:49:40 | 11.87 | % |
| Влада | 01:03:19 | 15.13 | % |
| Собрание | 00:08:10 | 1.95 | % |
| Претседател | 00:00:51 | 0.20 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:46 | 0.90 | % |
| Други субјекти | 00:32:46 | 7.83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:35:13 | 8.42 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:32 | 0.13 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:02 | 0.49 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:01:01 | 0.24 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:24 | 1.29 | % |
| Судство | 00:04:12 | 1.00 | % |
| Граѓански сектор | 00:22:30 | 5.38 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:25 | 3.68 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:45 | 4.24 | % |
| Левица | 00:00:34 | 0.14 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:32 | 0.13 | % |
| Граѓани | 00:10:02 | 2.40 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:32 | 0.13 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:08:58 | 2.14 | % |
| Здравство | 00:01:35 | 0.38 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:28 | 0.11 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:04:13 | 1.01 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:06:58 | 1.66 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:18:11 | 4.34 | % |
| ЗНАМ | 00:03:04 | 0.73 | % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:02:55 | 0.70 | % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:01:24 | 0.33 | % |
| Унија на Ромите | 00:01:47 | 0.43 | % |
| | **Вкупно = 06:58:31** | **100** | **%** |

**2. Посебни информативни емисии**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>*** *:*

Ниту една посебна информативна емисија - интервју или дебата – на МРТ 2 не беше прилагодена за лицата со попреченост.

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

За периодот од 8 март до 3 април, на тема – „Избори 2024 година“, во рамките на емисијата - „Изборен ЗООМ“, реализирани беа три интервјуа. Дебатата закажана за 28 март беше реализирана како

интервју со Бедри Фазлиу, претставник од ДУИ, затоа што, според водителот на емисијата, од објективни причини, учеството го откажале претставници од Коалицијата ВРЕДИ и од Алијанса за Албанците (Зијадин Села).

***<u>Табела 5: Интервјуа на МРТ2</u>***

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **19.03.** | Африм Гаши, претседател на Алтернатива; | - Избори 2024;<br>- Алтернатива во Коалицијата ВРЕДИ;<br>- програмата на Коалицијата ВРЕДИ;<br>- причините за раслојувањето на БЕСА во 4 огранока;<br>- формирање на коалицијата Европски фронт;<br>- целите на Алтернатива на изборите;<br>- проценка за вториот круг од Претседателските избори; | **Изборен ЗООМ** |
| **26.03.** | Скендер Реџепи, претседател на партијата Народно движење; | - Избори 2024;<br>- Народното движење - коалициски партнер на Европскиот фронт - политичка предност или европска кауза; | |
| **28.03.** | Бедри Фазлиу, претставник на ДУИ; | - Избори 2024 – фокус врз економијата;<br>- план за намалување на јавниот долг;<br>- план за капитални инвестиции;<br>- план за запирање на миграцијата. | |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Од 8 март до 3 април, на МРТ2 беа емитувани три дебати во информативната емисија „Изборен ЗООМ". Дебатно беа третирани следниве теми: - позиционирањето на Алијанса за Албанците (Села); - изборните цели на Коалицијата ВРЕДИ; - можното постизборно коалицирање; - изборниот потенцијал на Коалицијата „Европски фронт".

***<u>Табела 6: Дебатни емисии на МРТ2</u>***

| МРТ 2 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **14.03.** | 1. Беса Кадриу, Коалиција ВРЕДИ;<br>2. Аднан Незири, Алијанса за Албанците (Зијадин Села); | Изборен ЗООМ |
| **21.03.** | 1. Арбен Зибери, ДУИ;<br>2. Фари Хисени, ВРЕДИ; | |
| **02.04.** | 1. Селадин Џезаири, политички аналитичар;<br>2. Џенур Исеини, политиколог;<br>3. Фатон Алити, политички аналитичар. | |

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТВ АЛСАТ – М

1. **Дневно-информативни емисии***:*

***Примерок за анализата:***

Вести во 19:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 8 март до 3 април анализирани се 27 изданија на централните вести на албански јазик, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 13 часа 47 минути и 19 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание на централните вести на ТВ Алсат – М не беше приспособено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување:***

Од 8 март до 3 април 2024 година, во однос на институционалната подготовка за спроведување на двата изборни процеса, Телевизијата известуваше главно за активностите на ДИК, и тоа во врска со измените на ИЗ, ажурирањето и затворањето на единствениот Избирачки список, за официјализирањето на кандидатурите за претседател, односно за пратеници, ждрепката за утврдувањето на редоследот на гласачкото ливче и за други технички информации околу процедурата и начинот на гласањето. Во оваа смисла беше проследен и почетниот ангажман на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР.

Клучната специфичност за известувањето на ТВ Алсат-М во Вестите од 19 часот и во овој период од „предизборието" беше континуираната застапеност на соопштенија и на писмени реакции од опозициската Коалиција ВРЕДИ, критички насочени кон мандатот на владејачката ДУИ. Во општ критички контекст беа емитувани и неколку новинарски осврти за нереализираните програмски цели и ветувања на владејачката коалиција на СДСМ и на ДУИ, проследени со изјави на граѓани како и со архивски материјал што го документира политичкото досие на споменатите владејачки партии. Со сличен новинарски пристап беше третирано и проширувањето на изборниот коалициски караван што под заедничко име - Европски фронт го предводи владејачката ДУИ, при што информативната редакција потсетуваше на некогашната отворена меѓусебна нетрпеливост на сегашните коалициски партнери и на потрагата по политички сојузници во партии од други етникуми.

Меѓу политичките субјекти со активен интерес за изборниот натпревар, позначителен временски простор во Вестите добија и опозициската ВМРО ДПМНЕ и владејачката СДСМ, што примарно се должи на прилозите низ кои се проследуваше партиската полемика за актуелни општествено-политички случувања *(релациите со бугарската политичка врхушка, коментирани од политиколози и од експерти за односи со јавноста; неуспехот на одредени капитални инвестиции; несогласувањата околу пристапот кон ЕУ-интеграциите; ставови околу поддржаните претседателски кандидати; взаемни обвинувања за непотизам; критики за работата на Собранието*).

Други значајни теми во централното издание на дневникот на албански јазик беа: - одлуката на Министерството за здравство за спроведување инспекциски надзори и забрана за прием невакцинирани деца во предучилишните установи (*ставови на доктори-специјалисти и на директори на јавните медицински установи*) како и работата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат; - укинувањето на владината мерка за „гарантирана цена" на основните производи и во тој контекст зачестените контроли на Пазарниот инспекторат; - протестите на синдикати од различни општествени сектори; - работата на Собранието и на собраниските комисии (*измените на ИЗ/Законот за нефер трговски практики/Законот за игри на среќа/Законот за помилување*); - промената на документите за лична идентификација, како и случаи од билтенот на МВР што се подведуваа под насловот - „црна хроника". Во статистички

најзастапената методолошка ставка – „други субјекти“, бележени се: активности и ставови по економски прашања од различни компании и од бизнис заедницата воопшто; научни институции; регулаторни комисии/агенции, и слично.

ТВ Алсат-М при известувањето го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, и овозможи слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, како што е предвидено со членот 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 7: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Алсат-М***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:26:12 | 10.42 | % |
| СДСМ | 01:02:47 | 7.59 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:32:04 | 3.88 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:00 | 0.12 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:34 | 0.31 | % |
| ДИК | 00:13:23 | 1.62 | % |
| Влада | 00:47:43 | 5.77 | % |
| Собрание | 00:06:13 | 0.75 | % |
| Локална самоуправа | 00:22:22 | 2.70 | % |
| Други субјекти | 03:32:49 | 25.72 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:54 | 3.01 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:11 | 0.14 | % |
| Беса | 00:01:01 | 0.12 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:43 | 0.69 | % |
| Судство | 00:06:47 | 0.82 | % |
| Граѓански сектор | 00:20:19 | 2.46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:30:18 | 3.66 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:30 | 1.75 | % |
| Левица | 00:01:55 | 0.23 | % |
| Граѓани | 00:50:47 | 6.14 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:11:03 | 1.34 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:09:42 | 1.17 | % |
| Здравство | 00:21:32 | 2.60 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:36 | 0.07 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:05:58 | 0.72 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:05:21 | 0.65 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 01:28:36 | 10.71 | % |
| Нова Алтернатива | 00:00:15 | 0.03 | % |
| ЗНАМ | 00:04:40 | 0.56 | % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:02:10 | 0.26 | % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:01:04 | 0.13 | % |
| Европски фронт | 00:31:01 | 3.75 | % |
| Унија на Ромите | 00:00:48 | 0.10 | % |
| | **Вкупно = 13:47:19** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии***:

Во анализираниот период ТВ Алсат-М не емитуваше посебни информативни емисии за двојниот изборен процес, а ниту едно од интервјуата, пак, емитувани во уредувачките рамки на централните Вести од 19 часот - не беше приспособено за лица со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 8: Интервјуа на ТВ Алсат-М***

| | ТВ Алсат - М | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **11.03.** | Дарко Каевски, пратеник и портпарол на СДСМ; | - изборната програма на СДСМ;<br>- релациите на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ со Бугарија;<br>- кампањата во албанскиот политички блок;<br>- елементи на расизам во јавниот говор на Артан Груби;<br>- помалите партии како изборни коалициски партнери;<br>- можноста за коалицирање со партии од албанскиот политички блок,<br>- осврт кон измените во ИЗ; | **Вести на албански јазик** |
| **13.03.** | Сашо Клековски, ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - реалноста на барањето за 61 пратеник, како брана од можни условувања;<br>- ВМРО ДПМНЕ и можноста за повторно коалицирање со ДУИ;<br>- првичните контакти со Коалицијата ВРЕДИ;<br>- почетоците на изборната кампања;<br>- односот кон барањата за уставни измени;<br>- став за избирање претседател на државата во Собранието;<br>- Албанците и гласањето за проф. д-р Гордана Силјановска - Давкова;<br>- односот на ДУИ кон кандидатурата на проф. д-р Стево Пендаровски (СДСМ);<br>- односот на ВМРО ДПМНЕ кон кандидатурите на д-р Арбен Таравари и на д-р Бујар Османи; | |
| **14.04.** | Билал Касами, претседател на движењето Беса; | - осврт кон досегашниот мандат на ДУИ;<br>- критика за досегашниот изборен настап на д-р Бујар Османи, кандидатот на ДУИ за претседател на државата, и на Артан Груби;<br>- програмски поенти на Коалицијата ВРЕДИ;<br>- бизнисите на ДУИ;<br>- составот на листите со кандидати за пратеници; | |
| **15.05.** | Благојче Атанасовски, политички аналитичар; | - став и очекувања за изборната кампања;<br>- постои ли националистичка реторика што би предизвикала општествени тензии;<br>- можно влијание на резултатите од Претседателските избори врз Парламентарните избори;<br>- политичкото соперништво - Мицкоски (ВМРО ДПМНЕ) - Ковачевски (СДСМ);<br>- ДУИ предизборно во однос на опозициската коалиција ВРЕДИ; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **19.03.** | Марија Митева, ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - став за т.н. „црна листа“ на САД;<br>- досегашниот извршен мандат на ДУИ;<br>- партиско разногласие околу Законот за рестриктивни мерки и Законот за игри на среќа;<br>- оценка за Претседателските избори;<br>- очекувања за поддршка од албанскиот политички блок;<br>- изборна листа кандидати за пратеници;<br>- можна постизборна соработка; | |
| **20.03.** | Димитар Ковачевски, претседател на СДСМ | - зошто не коалицираат ни со Ахмети ни со Села;<br>- став околу т.н. „руско влијание“ како (пред)изборен слоган на ДУИ;<br>- очекувања од Парламентарните избори;<br>- дали СДСМ би го бојкотирал вториот круг Претседателски избори ако нивниот кандидат проф. д-р Стево Пендаровски не успее да се пласира; | |
| **22.03.** | Зуди Џелили, поранешен кандидат за претседател на државата од ДПА; | - за сопственото изборно искуство;<br>- оценка на изборните капацитети на д-р Бујар Османи (ДУИ) и на д-р Арбен Таравари (ВРЕДИ);<br>- прогноза за изборниот исход;<br>- ДУИ и антируското влијание како мотив за изборен настап;<br>- проценките за изборните шанси на Мендух Тачи (ДПА); | |
| **25.03.** | Висар Ганиу, градоначалник на Општина Чаир, претставник на Демократското движење на Албанците; | - (не)принципиелноста на коалицијата меѓу ДУИ и ДПА;<br>- за сопственото заминување од ДУИ и политичките последици по работата на Општина Чаир;<br>- проретчување на структурите на ДУИ и преминот на членство во Демократското движење;<br>- постојниот градоначалнички мандат; | |
| **26.03.** | Рафиз Халити, претставник на ДУИ; | - тековните случувања во ДУИ;<br>- причините за коалициите меѓу ДУИ и поранешни политички противници;<br>- интересот за коалицирање со партиите на Курто Дудуш и на Мендух Тачи;<br>- за неговата улога во ДУИ и можната кандидатура за пратеник; | |
| **27.03.** | Гарип Каба, поранешен член на ДПА; | - бара ли Мендух Тачи, лидерот на ДПА, спас под коалицискиот чадор на ДУИ;<br>- Тачи и т.н. „црна листа“ на САД;<br>- (не)принципиелната коалиција на ДУИ;<br>- кој би ја презел локалната власт во Струга; | |
| **28.03.** | Зоран Трајчевски, директор на АВМУ; | - мониторингот на АВМУ за изборниот процес;<br>- правилата за изборниот молк;<br>- проблемите со регулацијата на онлајн медиумите; | |
| **29.03.** | Елми Азири, пратеник на Алијанса за Албанците (Зијадин Села); | - изборното ривалство д-р Бујар Османи – д-р Арбен Таравари;<br>- причини да се гласа за д-р Бујар Османи;<br>- судската одлука за раздорот во АА;<br>- осврт кон изборните листи за пратеници;<br>- потенцијалот на коалицијата Европски фронт, предводена од ДУИ; | |
| **01.04.** | Гзим Кадриу, Алијанса за | - оценка на поврзаноста на д-р Зијадин Села со Европскиот фронт; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Албанците (Арбен Таравари); | - раздорот во АА;<br>- комплетирање кандидатска пратеничка листа на ВРЕДИ;<br>- прогноза за Претседателските избори; | |
| **02.04.** | Тимчо Муцунски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - коментар за обидот за атентат на градоначалникот на Општина Арачиново;<br>- можна постизборна коалиција ДУИ и ВМРО ДПМНЕ;<br>- политичко/партиските односи со Гордана Јанкуловска;<br>- шансите за укинувањето на „балансерот“; | |
| **03.04.** | Изет Меџити, претседател на Демократското движење за Албанците; | - коментар за судската одлука околу раздорот во АА;<br>- поенти од изборната програма на ДДА;<br>- прогноза за изборниот потенцијал на Европскиот фронт предводен од ДУИ;<br>- очекувања од изборниот процес за Парламентарните избори. | |

## ТВ АЛФА

1. **Дневно-информативни емисии:**

***Примерок за анализата***:

Вести од 17:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 8 март до 3 април 2024 година, беа анализирани 27 изданија на централниот ТВ дневник, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 13 часа 26 минути и 48 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание од вестите/ТВ дневниците на ТВ Алфа не беше приспособено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување***:

Партиските конгреси на кои се презентираа изборните програми, на кои се дефинираа носителите на изборните листи по изборни единици и коалициските партнерства, потоа конечните седуммина кандидати за Претседателските избори и т.н. „црна листа“ на САД, на која се најде и Стевчо Јакимовски, лидерот на ГРОМ, како официјален претседателски кандидат – тоа беа главните настани што можат методолошки да се издвојат како најпродуктивни тематски потки за новинарскиот третман на завршниот дел од т.н. „предизборие“.

Со исклучителна критичка резерва, која го надминува комуникацискиот капацитет на стандардните новинарски облици – вест и/или извештај -, информативната редакција во централното издание на ТВ Дневникот ги следеше соопштенијата со кои претставници на преодната Влада, гледана како сè уште постојна владејачка коалиција меѓу СДСМ и ДУИ, јавно ги промовираше своите тековни државни и/или одделни партиски активности. Од такво стојалиште, новинарските извештаи од предизборните активности на извршната власт редовно беа проследени со коментар/осврт, надополнети и со контрастни споредбени статистики и со видеоархива (од претходни изборни циклуси), како и со гледишта на домашни и на странски експерти од академски или од граѓански организиран сектор што стручно го набљудува управувањето со државните ресурси за различни општествени области – правосудство, економија, социјална, образовна и здравствена политика. Конкретно, со ваков редакциски пристап, во ТВ Дневникот беа нотирани и критички расчленети следниве актуелни теми: - пропаднатите владини ветувања и проекти за капитални инвестиции; - сомнежи и споредбени истражувања за потеклото на странски инвестициски капитал во (слични) проекти

од балканскиот регион; - справувањето со невакцинацијата на населението; - предизборни трошоци за нов возен парк на Владата; - истражувањата и укажувањата на: ДКСК, ДРЗ, Центарот за граѓански комуникации, Центарот за управување со промени и увидот од критичките наоди на ГРЕКО - групата ЕУ-држави против корупцијата, и на OLAF – европската канцеларија за борба против измами - сè во врска со неспроведени реформи во државната администрација и во правосудството, како и со (не)исправноста на процедурите за јавните набавки со повеќемилионски девизни суми. Во оваа тематска група влегоа и – експертскиот предлог да се воведе полиграф за докажување на (не)чесноста на цариниците, на носители на јавни функции и на раководителите на општествени претпријатија, а новинарскиот интерес посебно го задржа и општата дебата околу злоупотребата на т.н. „балансер", етничкиот клуч, наспроти стручноста и заслугите, при вработувањето и напредувањето во државните институции, како и партиските влијанија за поставување свои кадри во управните и во надзорните одбори на јавните претпријатија. Оттаму, големиот процент на статистиката (количината информативно време) отстапено за ставката – „други субјекти" -, чии ставови беа контекстуализирани со градењето на општиот изборен амбиент. Покрај анкетите на јавното мислење, друг чест и значаен извор на информации за низа новинарски прилози беа и т.н. „технички министри" во преодната Влада, од опозициската ВМРО ДПМНЕ, кои главно посочуваа раководно разногласие во одредени министерства, толкувано и како обид за (судски обжалена и потврдена) опструкција стандардизирани процедури во функција на обезбедување демократски изборен процес. Низ долги, опширни репортерски извештаи и разговори со партискиот врв на ВМРО ДПМНЕ, редакцијата на ТВ Дневникот го следеше и нејзиното учество на Конгресот на идеолошки блиските европски народни партии, а посебен акцент стави и врз нејзините повеќедневни обвинувања кон соперничкиот СДСМ за нетранспарентни и за евентуално противзаконски постапки околу подготовките за претседателската кампања на д-р Стево Пендаровски, проследени со кусо демантирачко соопштение од постојниот Кабинет на претседателот на државата.

Од 11 март до крајот на предизборието, информативната редакција за ТВ Дневникот од 17:30 часот емитуваше и серија коментари, со вкупно времетраење од 1 час и 52 минути, под наслов „Во фокус", кои претставуваа фељтонска, критичка рекапитулација на седумгодишниот мандат од коалициското владеење на ДУИ и на СДСМ, посочувајќи го пред сè кусогледиот политички прагматизам на носечките партиски фигури – Али Ахмети, Талат Џафери, Артан Груби, Зоран Заев и Димитар Ковачевски – како основна причина за неуспехот на владините политики во областите: <u>социјална заштита и економија</u> (*односот кон пензионерите/работниците/синдикалното организирање/стандардот на живеењето/висината на јавниот долг/стратешките инвестиции); <u>правосудство</u> (*корупцијата на судскиот систем/последиците од „Шарената револуција"/„црната листа" на САД/Академијата за судии и јавни обвинители*); <u>меѓународна политика</u> (*„Преспанскиот договор"/„Францускиот предлог"/„Тиранската платформа"/условувањата на Бугарија за промена на Уставот/ЕУ-интеграциите/негрижата за македонското малцинство во соседните држави*); <u>здравствен систем</u> (*„Аферата онкологија"/пожарот во тетовската модуларна ковид-болница/руинираните амбуланти и болници/дотраените возила за брза помош/заминувањето на медицинскиот кадар/неизграден нов клинички центар*); <u>медиуми и медиумско законодавство</u> (*несоочување со јавноста/комуникациски бојкот*); <u>седумгодишниот владејачки мандат на ДУИ</u> (*политички профил на Талат Џафери/злоупотребата на државните кабинети и институции за тривијални приватни работи/Законот за игри на среќа како услов за продолжено коалицирање со СДСМ*); <u>екологија</u> (*занемарување на политиките за здрава животна средина*); <u>Артан Груби и Министерството за политички систем</u> (*„Игротеката на ДУИ"*);<u>образовен систем</u> (*празни ветувања/неотчетност*); <u>земјоделство</u> (*зависност од увоз наместо негување автохтони сорти*); <u>СДСМ/ДУИ - коалиција на стаклени нозе</u> (*историјат на коалицијата, сè до нејзиниот предизборен прекин*) - <u>укинување на „балансерот"</u> (*„алатка за вдомување партиски кадри"*);<u>висина на јавен долг</u> (*„генерациско должничко ропство"*); <u>негрижа за студентскиот стандард</u> (*отселување на млад стручен кадар*); <u>бојкот кон синдикатите</u> (*приказ критички изјави на синдикални лидери од различни општествени сектори*); <u>економски политики</u> (*„трошење како да нема утре"*);<u>резиме на седумгодишниот мандат на СДСМ и на ДУИ</u>.

Методолошки, фокусот во т.н. „предизборие", односно период за процедурите со кои се формализираат учесниците во изборната кампања, беше врз силно изразениот комуникациски шум што одекнува низ варијантите на себепромотивните монолози најчесто на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ. Но, отаде тој вербален предизборен параван, стои уредувачки пристап што инсистира и на дневничка евиденција и на архивско сведочење за постојните состојби во македонското општество, пристап од кој се собрани дури 4 часа и 17 минути за непартиските гледишта од „други субјекти" што го сочинуваат т.н. „реален сектор".

Пред сè поради тоа, може да се рече дека ТВ Алфа во својот централен Дневник се трудеше да ги следи начелата за објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, за да овозможи слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, како принципи впишани во членот 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 9: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Алфа</u>***

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:57:26 | 14.55 | % |
| СДСМ | 00:40:38 | 5.04 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:14:34 | 1.81 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:02:44 | 0.34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:34 | 0.07 | % |
| ДИК | 00:06:58 | 0.86 | % |
| Влада | 00:42:48 | 5.31 | % |
| Собрание | 00:06:51 | 0.85 | % |
| Претседател | 00:01:28 | 0.18 | % |
| Локална самоуправа | 00:12:49 | 1.59 | % |
| Други субјекти | 04:17:06 | 31.87 | % |
| Без субјекти | 00:00:44 | 0.09 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:23:22 | 2.90 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:52 | 0.11 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:13 | 0.27 | % |
| Јавно обвинителство | 00:18:56 | 2.35 | % |
| Судство | 00:11:59 | 1.49 | % |
| Граѓански сектор | 00:33:38 | 4.17 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:10:16 | 8.71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:41 | 2.93 | % |
| Левица | 00:01:05 | 0.13 | % |
| ТМОРО | 00:00:55 | 0.11 | % |
| Граѓани | 00:53:07 | 6.58 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:27:24 | 3.40 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:08:12 | 1.02 | % |
| Здравство | 00:16:05 | 1.99 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:00:30 | 0.06 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:00:52 | 0.11 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:07:57 | 0.99 | % |
| ЗНАМ | 00:01:05 | 0.13 | % |
| | **Вкупно = 13:26:48** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии*** *:*

Ниту една посебна информативна емисија – дебата или интервју, не беше приспособена за лица со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 10: Интервјуа на ТВ Алфа***

| **ТВ АЛФА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **08.03.** | Александар Ристовски, политички аналитичар; | - очекувања од изборниот процес;<br>- меѓународните политички афилијации на македонските политички партии;<br>- анализа на изборната моќ на политичките партии;<br>- проценка на претседателските кандидати; | **За или против** |
| **11.03.** | Стефан Андоновски, заменик - министер за информатичко општество и администрација, секретар за меѓународни односи на ВМРО ДПМНЕ; | - меѓународните позиции на Македонија;<br>- затекнатите состојби во министерскиот сектор;<br>- реалноста на темпото на евроинтеграциските процеси;<br>- односите на ВМРО ДПМНЕ со идеолошки сродни европски партии;<br>- очекувања од Парламентарните избори; | **Заспиј ако можеш** |
| **12.03.** | Иван Стоиљковиќ, претседател на Демократската партија на Србите во Македонија; | - рекапитулација на седумгодишниот мандат на коалицијата ДУИ/СДСМ;<br>- анализа на големината на јавниот долг;<br>- критика на криминалниот општествен амбиент;<br>- очекувања од двојниот изборен процес; | **За или против** |
| **13.03.** | Миле Лефков, пратеник, ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - коментар за анкетите на јавното мислење;<br>- очекувања за резултатите по изборни единици;<br>- јавната/медиумска комуникација за промоција на партиски цели;<br>- условувања и забавеност на ЕУ интеграциите; | **За или против** |
| **13.03.** | Љуљзим Фаризи, политички аналитичар; | - превирањата во албанскиот опозициски кампус;<br>- можните коалицирања на ВРЕДИ во изборниот процес;<br>- анализа на претседателските кандидати;<br>- критика за мандатот на ДУИ во извршната власт;<br>- манипулации со анкетите на јавното мислење; | **Заспиј ако можеш** |
| **14.03.** | д-р Дафина Стојановска, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ; | - определување носители на листи по изборни единици;<br>- реалноста на анкетите за јавното мислење за изборите;<br>- законодавната дебата во Собранието;<br>- иднината на младите школувани кадри; | **За или против** |
| **14.03.** | Весна Бендевска, потпретседателка на ЗНАМ; | - причините за напуштање на СДСМ и приклучувањето кон ЗНАМ;<br>- очекувањето од изборите/коментар на анкетите за јавното мислење;<br>- рекапитулација на своето политичко искуство;<br>- изборните шанси на помалите партии; | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15.03.** | проф. д-р Весна Јаневска, претседателка на комисијата за образование и наука на ВМРО ДПМНЕ; | - апатијата на младите поради образовниот систем;<br>- плановите на партијата за реформи на образованието;<br>- коментар за предизборниот рејтинг според анкетите на јавното мислење;<br>- образованието и анализа на пазарот на трудот; | **За или против** |
| **15.03.** | проф. д-р Гордана Силјановска - Давкова, кандидатка за претседателка на државата; | - биографски и професионален профил како кандидатка за претседателка;<br>- односот со студентите и потреба од реформи на образовниот систем;<br>- искуствата како пратеничка;<br>- правото на самоопределување во македонскиот случај;<br>- улогата на претседателот како политичка функција во државата; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски;** |
| **18.03.** | Александар Николовски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - очекувања од Парламентарните избори/можни коалиции;<br>- шансите како носител на листата од ИЕ 4;<br>- анкетите на јавното мислење;<br>- план за справување со криминалот;<br>- односот кон македонското малцинство во регионот;<br>- работата на преодната Влада - обврска за новиот состав на извршната власт; | **За или против** |
| **18.03.** | Панче Тошковски, технички министер за внатрешни работи во преодната Влада, предложен од ВМРО ДПМНЕ; | - проширување на „црната листа“ на САД;<br>- рекапитулација и реформи на затекнатите состојби во МВР;<br>- промената на документите за лична идентификација;<br>- состојбата на царинските пунктови и пограничната безбедност;<br>- буџетот на МВР; | **Заспиј ако можеш** |
| **19.03.** | Љупчо Димовски, претседател на СПМ; | - ќе бидат ли претстојните избори – избор на општествени вредности;<br>- коалицирањето со ВМРО ДПМНЕ;<br>- последиците од промените на Уставот;<br>- потенцијалот на 7-те претседателски кандидати; | **За или против** |
| **19.03.** | Маја Кадиевска - Војновиќ, поранешна вицегувернерка на Народната банка, претставничка на ВМРО ДПМНЕ; | - проценка на висината на јавниот долг;<br>- споредба на македонската економија со регионалните економии;<br>- (не)плаќањето на даноците;<br>- влијанието на „сивата економија“;<br>- странски инвестиции; | **Заспиј ако можеш** |
| **20.03.** | Никола Тасев, колумнист; | - рекапитулација на владеењето на СДСМ/ДУИ – нереализирани ветувања за економски инвестиции;<br>- „црна кампања“ наместо конструктивни предлози;<br>- прогноза за двојниот изборен процес; | **Заспиј ако можеш** |
| **21.03.** | Влатко Ѓорчев, ИК на ВМРО ДПМНЕ; | - можните коалиции на Парламентарните избори;<br>- услови за стабилност на идната влада;<br>- план за реформа на Македонија;<br>- споредбена анализа на претходните изборни циклуси;<br>- проценка за носителите на изборните листи по изборни единици;<br>- насоки на кампањата; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **22.03.** | Д-р Викторија Трајков, советничка на претседателот на ВМРО ДПМНЕ; | - „Седум години дипломатско дно“;<br>- ЕУ интеграциите на Македонија;<br>- очекувањата од изборите;<br>- идентитетски прашања; | **За или против** |
| **22.03.** | Љубомир Ѓурчевски, експерт за криминалистика; | - безбедносни ризици за време на изборите;<br>- ќе има ли мирно примопредавање на власта;<br>- проценка на почетните позиции на ДУИ и на ВРЕДИ во предизборието; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **25.03.** | Илија Димовски, поранешен пратеник од ВМРО ДПМНЕ; | - проценка за исходот од двата изборни процеса;<br>- анализа на програмите на политичките партии;<br>- (не)квалитетот на работата на Собранието;<br>- комуникациските линии на изборната кампања;<br>- општествено-политичките последици од работата и пропаста на СЈО; | **Заспиј ако можеш** |
| **26.03.** | Владо Мисајловски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ, носител на изборната листа за ИЕ2; | - презентирање на партиската понуда за Парламентарните избори; | **За или против** |
| **27.03.** | Ивона Талевска, новинарка; | - коментар за предизборните анкети, очекувања за изборниот исход; | **За или против** |
| **27.03.** | Гордана Димитриеска - Кочоска, потпретседателка на ВМРО ДПМНЕ; | - економските програми во изборната понуда на ВМРО ДПМНЕ;<br>- полнење на државниот буџет со домашни и странски инвестиции;<br>- кратење на трошоците и намалување на јавниот долг;<br>- капитални инвестиции, зголемување на продуктивноста; | **Заспиј ако можеш** |
| **28.03.** | Цветан Трипуновски, дополнителен заменик - министер за земјоделство, претставник на ВМРО ДПМНЕ; | - како идната влада ќе го врати во живот македонското земјоделство;<br>- прашања за коалицискиот потенцијал на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ;<br>- затекнатата состојба во ресорот – земјоделие;<br>- барањата на ВМРО ДПМНЕ за укинување на т.н. „техничка/преодна Влада“; | **За или против** |
| **28.03.** | Александар Кржаловски, директор на МЦМС; | - анализа на предизборната состојба – сегашното позиционирање на партиите и можните коалиции;<br>- „балансерот“ наспроти „мерит системот“ за вработување во државна служба;<br>- скусен број пратеници во Парламентот;<br>- скусен број општини;<br>- рационализација на државните трошоци; | **Заспиј ако можеш** |
| **29.03.** | Александар Николовски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ, носител на листа за ИЕ 4; | - новата коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- начинот на кој ќе се води изборната кампања;<br>- за сопственото политичко/изборно искуство;<br>- (зло)употреба на пратеничките/политичките привилегии; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **30.03.** | Ѓоко Велковски, технички министер за труд и социјална политика во преодната Влада, | - оценка за работата на преодната Влада;<br>- недоследности во ресорните процедури;<br>- (не)функционирањето на центрите за социјални работи;<br>- статистика за лажни „социјални случаи“; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | номиниран од ВМРО ДПМНЕ; | - очекувања и програми за работата на новиот состав на МТСП; | |
| **01.04.** | Сафет Бишевац, претседател на Бошњачка народна партија; | - мотиви за формирање нова партија;<br>- коалицијата со ВМРО ДПМНЕ;<br>- етничкиот аспект наспроти граѓанскиот принцип на политички избор;<br>- одливот на членство од СДСМ;<br>- прогноза за изборниот исход; | **Заспиј ако можеш** |
| **02.04.** | Драган Ковачки, пратеник на ВМРО ДПМНЕ, носител на листа во ИЕ 3; | - организацијата и очекувањата од изборите во ИЗ 3;<br>- нужност од политичка одговорност;<br>- промоција на поенти од партиската програма; | **За или против** |
| **02.04.** | Бојан Кордалов, комуниколог; | - влијанието на медиумите/социјалните мрежи за време на изборите;<br>- поларизација/нетрпеливост меѓу гласачите;<br>- одговорноста на политичарите за политичката комуникација/култура;<br>- неопходност од општествено помирување; | **Заспиј ако можеш** |
| **03.04.** | Игор Здравковски, пратеник на ВМРО ДПМНЕ; | - почеток со т.н. „црна кампања"/можната вмешаност на PR-експертот Асаф Исеин – оцрнување на ВМРО ДПМНЕ;<br>- правна разрешница за фалсификувани документи во „црната кампања";<br>- настапот на ВМРО ДПМНЕ на двојните избори. | **Заспиј ако можеш** |

Во горенаведениов список се издвоени интервјуата чија основна тема беа претстојните Претседателски и Парламентарни избори. Дневно, низ различен новинарски жанровски пристап (*вест/извештај/кусо интервју/коментар*), систематично обработуваниот, веќе споменат, широк општествено-политички тематски опфат, пак, прави контекст во кој треба да се споменат и интервјуата чиј мотив беше – политиката и политичарите како втемелувачи и носители на вредносен систем -, посебно низ аналитичката призма на причините за урнисување и начините за заштита на македонскиот национален идентитет. Од 11 март до крајот на предизборието, гости на оваа тема во гореспоменатите емисии беа: - проф. д-р Наташа Котлар - Трајкова од Институтот за национална историја; - проф. д-р Стојко Стојков, професор по национална историја од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, член на ОМО Илинден Пирин; - д-р Бранислав Светозаревиќ, историчар и архивист; - проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје; - д-р Атанас Кирјаковски, професор по (политичка) психологија на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје; - Ленин Јовановски, најавен како - „*бизнисмен, моторџија, криминолог*".

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Дебатно, двојниот изборен процес беше опсервиран и низ поттемите за: - потенцијалот на најавените коалиции; - навестените комуникациски контури на изборната кампања; - безбедносната состојба во државата и организациските надлежности на МВР; - проценка на потребата за продолжување на концептот за т.н. „техничка"/преодна Влада, воопшто. На 3 април, беше организирана посебна дебатна емисија („отворено студио") насловена „Во фокус", поделена во два дела: во првиот дел учествуваа Маријан Ристески и Слободан Трендафилов, претставници на двата најголеми синдиката во Македонија, а во вториот дел учествуваа Солза Грчева („Глас за Македонија") и Дарко Јаневски (новинар), во улога на експерти за политичката состојба во државата.

***Табела 11: Дебатни емисии на ТВ Алфа***

| ТВ АЛФА | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **08.03** | 1. Драган Павловиќ Латас, новинар, политички аналитичар;<br>2. Бранко Геровски, новинар, политички аналитичар; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **26.03.** | 1. Ивица Боцевски, политички аналитичар;<br>2. проф. д-р Жидас Даскаловски; | **Заспиј ако можеш** |
| **29.03.** | 1. Стојанче Ангелов, претседател на „Достоинство";<br>2. Сотир Костов, политички аналитичар; | **За или против** |
| **01.04.** | 1. Бобан Утковски, поранешен полициски генерал, член на ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Воислав Зафировски, поранешен антикорупционер, експерт за безбедност; | **За или против** |
| **03.04.** | 1. Марјан Ристески, претседател на Конфедерацијата на синдикалните организации;<br>2. Слободан Трендафилов, претседател на ССМ;<br>3. проф. д-р Солза Грчева, „Глас за Македонија";<br>4. Дарко Јаневски, новинар; | **Во фокус** |

***Други информативни емисии***

Во периодот од 8 март до 3 април, емитувани беа четири изданија на емисијата „Седмица", во која Коле Чашуле, новинарот-уредник на информативната редакција, правеше коментаторска рекапитулација на најважните настани и теми од домашното општествено-политичко секојдневие (веќе споменати во воведните клучни наоди и во делот од извештајов за централниот ТВ Дневник од 17:30 часот).

## ТВ КАНАЛ 5

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 18:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 8 март до 3 април 2024 година, беа анализирани 27 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 10 часа 43 минути и 42 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание на емисијата вести на ТВ Канал 5 не беше прилагодено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување***:

Во вториот период од т.н. „предизборие", преку вести/во низа и извештаи, најчесто се известуваше за: дефинирањето на носителите на листите за Парламентарните избори; промовирањето на изборните програми главно преку конгресите на партиите; меѓусебните партиски обвинувања за претседателските кандидати, и тоа на директна релација власт/опозиција: СДСМ – ВМРО ДПМНЕ, и ДУИ – Коалиција ВРЕДИ;

предизборните коалицирања, договори и подготовки на партиите за претстојните Парламентарни избори; редовните активности на ДИК и ОБСЕ/ОДИХР; анализа и мислења на политички аналитичари во врска со Претседателските и Парламентарните избори; „црната листа“ на САД, на која се најде и Стевчо Јакимовски, претседателскиот кандидат на партијата ГРОМ; водењето на правната битка за службените печати на Алијанса за Албанците, како и приклучувањето на Зијадин Села кон коалицискиот Европски фронт предводен од ДУИ.

Други поважни актуелни општествени теми издвоени од анализираниот период беа: - состојбата со епидемијата од „голема кашлица“, препораките за вакцинација и засилените контроли во градинките; проблемот со издавањето лични документи; минималната синдикална кошница со основните трошоци за живот; процесот на усвојување на Законот за забрана за нефер трговски практики; одбележување четири години од членството во НАТО; синдикални протести; судски рочишта; обвиненија против Рамиз Мерко, градоначалникот на Општина Струга; предлог-расправа за воведување полиграф за интегритет во Царинската управа; завршни активности на Собранието и на собраниските комисии; актуелни економски теми; репортажи на медиумот за различни општествени теми; убиството на матичен лекар од скопската поликлиника „Железара“; обид за атентат врз градоначалникот на Општина Арачиново, како и за други случаи од билтенот на МВР што се подведуваат под насловот – „црна хроника“. Редакцијата редовно информираше и за меѓусебните обвинувања меѓу власта и опозицијата, односно помеѓу најголемите политички партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, за различни општествени теми.

При известувањето, ТВ Канал 5 го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 12: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Канал 5</u>***

| ТВ КАНАЛ 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:59:45 | 9.28 | % |
| СДСМ | 00:46:16 | 7.19 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:54 | 2.47 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:04:06 | 0.64 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:41 | 0.26 | % |
| ДИК | 00:20:23 | 3.17 | % |
| Влада | 01:02:19 | 9.68 | % |
| Собрание | 00:09:08 | 1.42 | % |
| Претседател | 00:02:13 | 0.35 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:54 | 0.30 | % |
| Други субјекти | 02:00:17 | 18.69 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:03:04 | 9.80 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:38 | 0.10 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:21 | 0.21 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:01:04 | 0.17 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:06:43 | 1.04 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:01:26 | 0.22 | % |
| Јавно обвинителство | 00:14:25 | 2.24 | % |
| Судство | 00:09:57 | 1.55 | % |
| Граѓански сектор | 00:41:29 | 6.45 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:47:19 | 7.35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:44 | 4.15 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:00:24 | 0.06 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:01:00 | 0.16 | % |
| АРМ | 00:01:04 | 0.16 | % |
| ТМРО | 00:00:40 | 0.10 | % |
| Граѓани | 00:22:50 | 3.55 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:01:00 | 0.16 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:14:30 | 2.25 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:07:53 | 1.22 | % |
| Здравство | 00:08:07 | 1.26 | % |
| Македонски концепт | 00:00:38 | 0.10 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:06:24 | 0.99 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:10:22 | 1.61 | % |
| ЗНАМ | 00:08:21 | 1.30 | % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:00:55 | 0.14 | % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:01:00 | 0.16 | % |
| Европски фронт | 00:00:24 | 0.06 | % |
| | **Вкупно = 10:43:42** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>***:

Ниту една посебна информативна емисија – интервју или дебата – емитувана на ТВ Канал 5 не беше прилагодена за лица со попреченост.

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

***<u>Табела 13: Интервјуа на ТВ Канал 5</u>***

| | ТВ Канал 5 | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **14.03.** | Максим Димитриевски, претседател на ЗНАМ, градоначалник на О. Куманово; | - собирање потписи и мотиви за кандидатура за претседател;<br>- очекувања од Парламентарните избори;<br>- коментар за идејата за избор на претседател во Собранието;<br>- „Францускиот предлог“, „Преспанскиот договор“, ЕУ-интеграциите;<br>- (не)нужност од уставни измени;<br>- носители на листи за пратеници од ЗНАМ; | **Само интервју** |
| **21.03.** | Стевчо Јакимовски, кандидат за претседател од партијата ГРОМ; | - коментар за „црната листа“ на САД;<br>- ЕУ-интеграции;<br>- (не)нужност од уставни измени;<br>- коалицирањето за претстојните Парламентарни избори; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - коментар за предлогот за избирање претседател на државата во Собранието;<br>- очекувања од Претседателските избори; | |
| **28.03.** | проф. д-р Билјана Ванковска - Цветковска, кандидатка на Левица за претседател на државата; | - искуствата и сегашните мотивации за втора претседателска кандидатура;<br>- односите со другите претседателски кандидати и по што се разликува нејзиниот пристап во кампањата;<br>- визија за ЕУ-интеграциите;<br>- ревизија на Охридскиот и на Преспанскиот договор;<br>- начини за заштита на националниот идентитет; | |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Од 8 март до 3 април 2024 година, во рамките на дебатната емисија „Само вистина“ беа опфатени следниве теми: - предвидувања и очекувања од претстојните Претседателски и Парламентарни избори; - очекувања од изборната кампања; - носители на листи на партиите за Парламентарните избори; - изборни коалиции; - предизборно расположение во дијаспората; - можна постизборна дестабилизација/опасности од немирен изборен процес (поенти од Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР); - предлогот на ДУИ, претседателот на државата да се бира преку Собранието; - Стевчо Јакимовски, претседателски кандидат ставен на „црната листа“ на САД.

Непосредно пред почетокот на официјалната кампања за Претседателските избори, ТВ Канал 5 го организираше првото, два ипол часовно телевизиско соочување, насловено – „Дуел за Македонија“ - меѓу Христијан Мицкоски (ВМРО ДПМНЕ) и Димитар Ковачевски (СДСМ). Темите за дебатата беа поделени во три групи, и тоа: 1) Претседателските избори/„Францускиот предлог“/договорите со Бугарија и со Грција; 2) Борба против корупцијата/состојбата со економијата и животниот стандард; и 3) Меѓуетничките односи/Парламентарните избори/предизборни и постизборни коалиции/можна политичка разврска.

Во анализираните изданија на „Само Вистина“ се дебатираше и за други актуелни општествено - политички теми: - преговарачката рамка; - уставните измени и внесување на Бугарите во македонскиот Устав; - обидот за атентат врз градоначалникот на Општина Арачиново; - ЕУ-интеграциите.

***<u>Табела 14: Дебатни емисии на ТВ Канал 5</u>***

| ТВ КАНАЛ 5 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **08.03.** | 1. Александар Генчов, политички аналитичар;<br>2. Гордан Јорданов, директор на Обединетата македонска дијаспора(ОМД) за Македонија и Европа; | **Само вистина** |
| **11.03.** | 1. Солза Грчева, претседателка на Глас за Македонија;<br>2. Љубиша Николовски, новинар; | |
| **12.03.** | 1. Блерим Беџети, градоначалник на Општина Сарај;<br>2. Илија Димовски, поранешен пратеник; | |
| **15.03.** | 1. Сотир Костов, политички аналитичар;<br>2. Агим Јонуз, политички аналитичар; | |
| **19.03.** | 1. Ивона Талевска, новинарка;<br>2. Љупчо Зиков, новинар; | |
| **20.03.** | 1. проф. д-р Самоил Малчевски, политички аналитичар;<br>2. Љуљзим Фаризи, политички аналитичар;<br>3. проф. д-р Бобан Карапејовски, претставник на ЗНАМ; | |
| **22.03.** | 1. Љупчо Златев, новинар;<br>2. Алберт Муслиу, политички аналитичар; | |
| **25.03.** | 1. Зоран Димитровски, генерален секретар на Демократскиот сојуз; | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Никола Пановски, Либерално демократска партија;<br>3. Бесим Небиу, политички аналитичар; | |
| **26.03.** | 1. Изет Меџити, Демократско движење;<br>2. Весна Бендевска, претставничка на ЗНАМ; | |
| **27.03.** | 1. Сафет Бишевац, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар; | |
| **29.03.** | 1. Стојанче Ангелов, претседател на Достоинство;<br>2. Петар Богојески, претседател на Македонски концепт; | |
| **01.04.** | 1. Александар Чомовски, новинар;<br>2. Марјан Ѓорчев, поранешен амбасадор; | |
| **02.04.** | 1. Моника Зајкова, претседателка на ЛДП;<br>2. Бране Петрушевски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ; | |
| **03.04.** | 1. Димитар Ковачевски, претседател на СДСМ;<br>2. Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ; | |

Освен дебатните емисии со наведениот тематски опфат околу „предизборието“, на 13 март беше емитувана дебата меѓу поранешните амбасадори Ристо Никовски и Нано Ружин, кои дискутираа на следниве теми: - локални и глобални актуелни политички состојби; - Резолуцијата на Сенатот на САД за поддршка на влезот на Македонија во ЕУ; - односите со Бугарија и (не)нужноста за уставни измени; - ЕУ-интеграциите. Македонско-бугарските односи беа главна тема и за дебатата одржана на 18 март, меѓу новинарот Горан Момировски (ТВ Алфа) и Добре Митрев, претседателот на Здружението за македонско–бугарско пријателство.

***Други информативни емисии***

Во периодот од 8 март до 3 април, во рамките на утринската програма „Здраво Македонијо“, покрај познати личности, гостуваа и актуелни политичари: Драган Анастасов – Ладич, градоначалник на Општина Пробиштип; Петар Ристески, пратеник од ВМРО ДПМНЕ; Иван Јорданов, градоначалник на Општина Штип; проф. д-р Иванка Василевска, пратеничка од ВМРО-ДПМНЕ; Славица Грковска, вицепремиерка за политики за добро владеење; Димчо Атанасовски, градоначалник на Општина Македонска Каменица; Ане Лашковска, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ и Филип Николовски, заменик - министер за финансии. Беа реализирани и кратки интервјуа со Анго Ангов, градоначалникот на Општина Дојран (*ситуацијата со хидросистемот за спас на Дојранското Езеро и очекувања од туристичката сезона*) и со Орце Ѓорѓиевски, градоначалникот на Општина Кисела Вода (*отворањето кино-сала во Домот на културата „Билјана Беличанец“*).

## ТВ СИТЕЛ

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 19 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 8 март до 3 април 2024 година, беа анализирани 27 изданија на централниот ТВ дневник, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 15 часа и 19 минути и 30 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание од вестите/ТВ дневниците на ТВ Сител не беше приспособено за лицата со попреченост.

***<u>Главни теми и начин на известување</u>:***

Поентите од понудата во изборните програми на политичките партии, одредувањето носители на изборните листи и официјалните седуммина кандидати за претседател на Републиката, тоа беа главните теми за новинарските прилози во вториот дел од „предизборието“, земени за методолошка анализа од централното издание на ТВ Дневникот од 19 часот. Конкурентноста меѓу владејачката СДСМ и опозициската ВМРО ДПМНЕ, по членство најбројни политички субјекти на македонската политичка сцена, беше прикажано како – сопоставеност на политички концепции - и во интервјуата што со нивни претставници, информативната редакција на ТВ Сител ги реализираше во редовната рубрика – „Тема на денот“. Во овој тематски контекст, во посочениов период на мониторингот, беа евидентирани и неколку дебатни соочувања организирани во рамките на актуелно-информативната емисија „Детектор“.

Сепак, статистички, редакцијата на ТВ Дневникот преку основните новинарски жанрови – вест и извештај, во најголема мерка ги следеше актуелните општествено-политички настани, главно поврзани со неопходните реформи на постојните состојби во економијата и во судскиот систем. Во овој сегмент, позначајни теми за новинарска обработка беа – имиња на политичари и на некогашни носители на јавни функции што се најдоа на најновата „црна листа“ на САД, пропаднатите, а помпезно најавувани капитални странски инвестиции, и взаемното, меѓупартиско опструирање на работата на Собранието при носењето на некои клучни закони во областите – правосудство и регулација на пазарот.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 15: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Сител</u>***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:50:36 | 12.03 | % |
| СДСМ | 01:22:10 | 8.94 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:40 | 0.07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:13:28 | 1.46 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:37 | 0.18 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:59 | 0.22 | % |
| ДИК | 00:24:00 | 2.61 | % |
| Влада | 01:18:06 | 8.49 | % |
| Собрание | 00:06:30 | 0.71 | % |
| Претседател | 00:03:58 | 0.43 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:00 | 0.33 | % |
| Други субјекти | 02:23:11 | 15.57 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:49:23 | 11.90 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:02:19 | 0.25 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:14 | 0.14 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:41 | 0.07 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:04:48 | 0.52 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:27 | 0.81 | % |
| Судство | 00:13:27 | 1.46 | % |
| Експерти/аналитичари | 02:32:42 | 16.61 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:32:01 | 3.48 | % |
| Левица | 00:17:35 | 1.91 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:38 | 0.07 | % |
| ТМОРО | 00:00:41 | 0.07 | % |
| Независни кандидати | 00:00:26 | 0.05 | % |
| Граѓани | 00:37:08 | 4.04 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:38 | 0.07 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:41:48 | 4.55 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:18 | 0.69 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:00:26 | 0.05 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:00:26 | 0.05 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:03:48 | 0.41 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:06:58 | 0.76 | % |
| Нова Алтернатива | 00:00:23 | 0.04 | % |
| ЗНАМ | 00:07:41 | 0.84 | % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:00:39 | 0.07 | % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:00:39 | 0.07 | % |
| | **Вкупно = 15:19:30** | **100** | % |

2. **Посебни информативни емисии**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>*** :

Ниту едно од интервјуата, кои ТВ Сител ги реализираше во централниот Дневник, не беше приспособено за лицата со попреченост.

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

***<u>Табела 16: Интервјуа на ТВ Сител</u>***

| **ТВ СИТЕЛ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **09.03.** | д-р Александар Даштевски, претседател на ДИК; | - официјализирање на претседателските кандидати;<br>- текот на организациските активности на ДИК;<br>- релевантна документација за непречено гласање; | **Тема на денот**<br><br>**-** *редовна рубрика во ТВ Дневникот* |
| **10.03.** | Петар Арсовски, аналитичар на изборниот процес; | - очекувања за исходот од Претседателските и од Парламентарните избори; | |
| **11.03.** | Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство; претставник на СДСМ; | - состојбите, програмите, инвестициите/субвенциите во ресорот што го раководи;<br>- промовирање на можностите од браната Конско;<br>- резултати од досегашните политики на Владата предводена од СДСМ; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **12.03.** | Цветан Трипуновски, технички министер за земјоделство, шумарство и водостопанство; претставник на ВМРО ДПМНЕ; | - затекнати состојби во односниот ресор;<br>- ревизија на распределба на субвенциите;<br>- споредбата на предложените аграрни политики на ВМРО ДПМНЕ со постојните од СДСМ; | |
| **13.03.** | Стојан Наумов, новинар; | - анализа на предизборниот амбиент и очекувања од изборните процеси; | |
| **18.03.** | Гордан Јорданов, претставник на Обединетата македонска дијаспора; | - техничките проблеми за гласањето на дијаспората;<br>- проблеми со обнова на документите за лична идентификација;<br>- евиденцијата на ДИК; | |
| **20.03.** | Бранко Геровски, новинар; | - анализа на предизборниот амбиент и очекувања од изборните процеси; | |
| **21.03.** | Славјанка Петровска, министерка за одбрана; претставничка на СДСМ; | - набавката на воени хеликоптери во изборен процес;<br>- побивање на обвинувањата од ВМРО ДПМНЕ за спорна јавна набавка;<br>- постапка од ДКСК;<br>- нејзината кандидатура на Парламентарните избори, | |
| **22.03.** | Антонијо Милошоски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ; | - меѓународната позиција на Македонија во однос на одложените ЕУ-интеграции;<br>- изборната програма на партијата;<br>- работата на Собранието;<br>- борба против корупцијата и криминалот, „црната листа“ на САД; | |
| **24.03.** | Ѓоко Велковски, технички министер за труд и социјална политика (МТСП); претставник на ВМРО ДПМНЕ; | - програмата на ВМРО ДПМНЕ за подобрување на односниот ресор;<br>- ревизија на досегашното работење во МТСП;<br>- подобрување на системот за социјална заштита;<br>- односот кон синдикатите; | |
| **25.03.** | Александар Кржаловски, директор на МЦМС, политички аналитичар; | - очекувања од кампањата;<br>- коментар за партиските програми;<br>- потребни изборни реформи за пофункционален Парламент; | |
| **26.03.** | Никола Димитров, поранешен владин функционер; | - четиригодишното членство во НАТО и безбедносно-економските ефекти од тоа;<br>- последиците од „Преспанскиот договор“ по националниот идентитет;<br>- оценка на предизборната клима во врска со ЕУ-интеграциите; | |
| **28.03.** | Владимир Мисајловски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - поенти од изборната програма/принципите за коалицирање со ВМРО ДПМНЕ; | |
| **29.03.** | Јованка Тренчевска, дополнителна заменик-министерка во МТСП, коноситeлка на изборната листа на СДСМ за ИЗ 4; | - справување со протестите на пензионерите за „реално“ зголемување на пензиите;<br>- споредба на изборните програми на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ;<br>- (не)функционалност на Фондот за пензиско осигурување; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - лажни „социјални случаи“ – обвинувања од техничкиот министер, претставник од ВМРО ДПМНЕ; | |
| **30.03.** | Александар Николовски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ, носител на листа за ИЗ 4; | - официјални кандидатски листи по изборни единици;<br>- поенти од изборната програма;<br>- коалицискиот потенцијал на ВМРО ДПМНЕ – (не)принципиелноста на коалицирањето; | |
| **31.03.** | Оливер Спасовски, носител на листа на СДСМ за ИЗ 2; | - проценка за политичкиот кредибилитет да биде носител на изборна листа;<br>- куса рекапитулација на својот министерски мандат – одбивање вина за нефункционалноста на МВР; | |
| **02.04.** | Борислав Крмов, претставник на Левица; | - коментар за (не)потпишувањето на Кодексот за фер избори;<br>- тужба против АВМУ за нерамномерна распределба на времето за ППР;<br>- изборните листи на Левица;<br>- младите како целна група во избирачкото тело;<br>- коментар за анкетите на јавното мислење/споредбен изборен капацитет со ЗНАМ;<br>- осврт за својот пратенички мандат;<br>- партиските национални и социјални принципи и можноста за коалицирање; | |
| **03.04.** | Драган Ковачки, пратеник, член на ИК на ВМРО ДПМНЕ, носител на изборна листа за ИЗ 3; | - поенти од програмата за ИЗ 3;<br>- коментари за (не)функционирањето на АРМ и на одбранбениот систем;<br>- „црна кампања“ наспроти програмска понуда; | |

Во однос на актуелноста на општествено-политичките настани, во „Тема на денот“ беа реализирани и интервјуа со претставници на синдикати, на граѓански активистки за женски права, доктори по медицина (во врска со вакцинирањето), експерти за безбедност и меѓународно право.

**<u>Дебати на изборни теми</u>**
(премиерно емитувани)

Во три изданија на „Детектор“, актуелно-информативната емисија со документаристички пристап кон актуелни теми од македонскиот општествено-политички систем, се дебатираше за - проблемите со обновување на документите за лична идентификација, укинувањето на т.н. „балансер“, и можностите да се врати системот на стручност и на заслуги при вработувањето и напредувањето во јавната администрација, како и за важноста на медиумската писменост во справувањето со дезинформациите, посебно за време на изборните процеси кога е поголемо влијанието на политичките сфери на моќ.

***<u>Табела 17: Дебатни емисии на ТВ Сител</u>***

| **ТВ СИТЕЛ** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **10.03.** | - Миле Лефков, пратеник од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Миле Талевски, од СДСМ; | **Детектор** |

| | | |
|---|---|---|
| **17.03.** | - Александар Бајдевски, заменик - министер во МИОА (СДСМ);<br>- д-р Неда Малеска - Сачмароска, директорка на Центарот за управување со промени (ЦУП);<br>- Стефан Андоновски, дополнителен заменик - министер во МИОА (ВМРО ДПМНЕ), | |
| **31.03.** | - д-р Зоран Трајчевски, директор на АВМУ;<br>- Јорданка Черепналковска - Трајковска, психолог, истражувачка на комуникациски процеси;<br>- Михајло Лахтов, експерт за комуникации; | |

***<u>Други информативни емисии</u>***

Во две изданија на утринските информативно-забавни емисии - „На дневен ред“ и „Магазин“, направени беа портрет-интервјуа на Славјанка Петровска, министерката за одбрана (претставничка на СДСМ), и на Ѓоко Велковски, техничкиот министер за труд и социјална политика (претставник на ВМРО ДПМНЕ).

## <u>ТВ ТЕЛМА</u>

1. **<u>Дневно-информативни емисии</u>**:

***<u>Примерок за анализата</u>***:

Вести од 18:30 часот;

***<u>Број на анализирани изданија и вкупно времетраење</u>***:

Од 8 март до 3 април 2024 година, беа анализирани 27 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 10 часа 36 минути и 26 секунди.

***<u>Пристапност на вестите</u>***:

Ниту едно издание на анализираните централни вести не беше прилагодено за лицата со попреченост;

***<u>Главни теми и начин на известување</u>***:

Веста (во низа) и извештајот беа главните, најчесто користени стандардни облици на новинарско информирање за актуелните теми од македонското секојдневие. Анализите за клучните програмски аспекти, со кои изборните претенденти за извршната власт промотивно излегуваат пред гласачкото тело, ТВ Телма ги реализираше во редовните програмски термини за актуелно-информативните емисии - „Топ тема“ и „Вин вин“. Крајот на „предизборието“, во кое клучните информативни водилки беа – официјализирањата на кандидатурите за претседател и за пратеници, во рамките на централниот ТВ Дневник од 18:30 часот беше длабоко во втор план во однос на новинарскиот интерес за тековни настани и за долготрајни теми од македонската економија (*повеќекратните прилози за состојбата со македонскиот електро-енергетски систем; пропаднатите проекти за капитални инвестиции; висината на јавниот долг; нерегулираниот пазар и неконтролираното зголемување на реалните трошоци за основни потреби*), од правосудството (*преповторуваната нужност за реформи на судскиот систем; состојбите во Судскиот совет; критериумите за работа во Академијата за судии и јавни обвинители; македонскиот дел од „црната листа“ на САД*), и од здравството (*вакцинална статистика; ширењето на „големата кашлица“ и последователниот инспекциски надзор во градинките*). Конкретно, од споменатите вкупно 10 часа и 36 минути, информативно време за прилозите од ТВ Дневникот методолошки селектирани за опсервација, дури – 7 часа и 57 минути беа одвоени за мозаикот на реалното

општествено живеење, а само – 2 часа и 39 минути за споменатата подготовка и за формализирањето на изборните услови, правила, насоки и на поенти од изборните програмски понуди.

Со ваков начин на известување, ТВ Телма се придружуваше до начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, и овозможи слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 18: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ Телма***

| ТВ Телма | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:36:35 | 5.75 % |
| СДСМ | 00:30:01 | 4.72 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:30 | 1.96 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:02:52 | 0.45 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:53 | 0.14 % |
| ДИК | 00:15:14 | 2.39 % |
| Влада | 01:08:54 | 10.82 % |
| Собрание | 00:04:34 | 0.72 % |
| Претседател | 00:00:52 | 0.14 % |
| Локална самоуправа | 00:11:16 | 1.77 % |
| Други субјекти | 02:41:41 | 25.40 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:01:37 | 9.68 % |
| Демократски сојуз | 00:01:42 | 0.27 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:42 | 0.27 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:07:08 | 1.12 % |
| Јавно обвинителство | 00:19:51 | 3.12 % |
| Судство | 00:23:52 | 3.75 % |
| Граѓански сектор | 00:41:07 | 6.46 % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:00 | 1.10 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:50 | 5.47 % |
| Левица | 00:01:33 | 0.24 % |
| Независни кандидати | 00:00:17 | 0.04 % |
| Граѓани | 00:29:04 | 4.57 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:09:20 | 1.47 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:11:14 | 1.77 % |
| Здравство | 00:06:59 | 1.10 % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:02:19 | 0.36 % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:05:06 | 0.80 % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:15:06 | 2.37 % |
| ЗНАМ | 00:06:44 | 1.06 % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:00:52 | 0.14 % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:00:53 | 0.14 % |
| Европски фронт | 00:02:46 | 0.44 % |
| | **Вкупно = 10:36:26** | **100 %** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>:***

Ниту една посебна информативна емисија – интервју или дебата - не беше прилагодена за лицата со попреченост.

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

***<u>Табела 19: Интервјуа на ТВ Телма</u>***

<table>
<tr><th colspan="4">ТВ ТЕЛМА</th></tr>
<tr><th>Датум</th><th>Соговорник</th><th>Теми</th><th>Наслов на емисија</th></tr>
<tr><td>08.03.</td><td>д-р Арбен Таравари, претседателски кандидат на Коалицијата ВРЕДИ;</td><td>- изборниот концепт на ВРЕДИ;<br>- политичкиот идентитет на Алијанса за Албанците по раздорот во партијата;<br>- соработката со Албин Курти, премиерот на Косово;<br>- мотивите, изборната понуда и „црвените линии“ за време и по Претседателските избори;</td><td rowspan="2">Топ тема</td></tr>
<tr><td>12.03.</td><td>проф. д-р Билјана Ванковска - Цветковска, кандидатка за претседателка, поддржана од партијата Левица;</td><td>- мотиви за кандидатура - каков претседател ѝ е потребен на Македонија;<br>- ставови за членството во НАТО, интеграцијата во ЕУ и алтернативи за меѓународните односи;<br>- ревизија на билатералните договори со Грција и со Бугарија;<br>- оценки и очекувања од (пред)изборната кампања;</td></tr>
<tr><td>14.03.</td><td>проф. д-р Гордана Силјановска- Давкова, кандидатка за претседателка, поддржана од ВМРО ДПМНЕ;</td><td>- искуствата од претходната и мотивите за сегашната кандидатура;<br>- реципроцитет во меѓународните/билатералните односи на Македонија;<br>- академската и професионалната кариера;<br>- назнаки за „демонизирачка“ изборна кампања и принципи на политичка култура;<br>- формализирање на кандидатурата со граѓански и/или со пратенички потписи;<br>- вредностите на критичкиот, аналитички пристап наспроти политичкиот примитивизам и партиското послушништво;<br>- политичката позиција на институтот - „претседател на државата“ – легитимитет од народот;</td><td rowspan="3">Вин вин</td></tr>
<tr><td>28.03.</td><td>Гордана Димитриеска - Кочоска, потпретседателка на ВМРО ДПМНЕ;</td><td>- презентација на економската програма на ВМРО ДПМНЕ;</td></tr>
<tr><td>02.04.</td><td>Фатмир Битиќи, потпретседател на СДСМ;</td><td>- презентација на економската програма на СДСМ;</td></tr>
</table>

На 14 март, по завршувањето на интервјуто со проф. д-р Гордана Силјановска - Давкова, водителката на емисијата „Вин вин“ извести дека – проф. д-р Стево Пендаровски, претседателскиот кандидат на владејачката СДСМ, одлучил во овој, предизборен период, да не го користи терминот за своето претставување преку информативните емисии на ТВ Телма.

## ***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Во тематската констелација на двата претстојни изборни процеса – за претседател на државата и за новиот пратенички состав на Собранието - основната дебата се водеше меѓу претставници на владејачката СДСМ и на опозициската ВМРО ДПМНЕ, и тоа пред сè во врска со презентација на различни аспекти од понудата на изборната програма, или, пак, како своевидно продолжување на парламентарните дебати. Како критички, објективен фон, пак, на тој предизборен партиски дуалитет, низ дебатите емитувани во изданијата на емисијата „Топ тема" се појавија и експертските – економски, политиколошки, комуниколошки и антикорупциски - ставови на пошироката јавност, а контекстуално, опфатот на темите се прошири врз коментар за: почетните изборни позиции на седуммината официјални кандидати за претседател, посебно по ставањето на Стевчо Јакимовски, лидерот на партијата ГРОМ, на т.н. „црна листа" на САД; нужните реформи во македонскиот правосуден систем; последиците од бескрупулозната политичка некултура во изборната кампања, посебно поради мошне силното влијание на кампањата низ т.н. „социјални мрежи"; избрзани измени и општо непочитување на правилата од ИЗ; нетранспарентноста на финансирањето на политичките партии; (пред)изборните комбинаторики и (не)принципиелното коалицирање; билатералните односи како политичко условување за промена на македонскиот Устав; можноста за суштински реформи на политичкиот систем – намалување на бројот пратеници/Македонија како една изборна единица/укинување на етничкиот клуч како пресуден за вработување во државна служба; (не)процесуирање предмети за корупција на носители на јавни функции и злоупотреба на државниот буџет за изборни партиски активности. На самиот крај од т.н. „предизборие", сите споменати дебатни теми се заокружија со експертски гледишта за ироничниот однос или, пак, за бојкотот што кандидатите за претседател на државата го покажаа кон Кодексот за фер и демократски избори, кој ДИК добронамерно го воспостави како етичка платформа за посакуван демократски изборен процес.

***<u>Табела 20: Дебатни емисии на ТВ Телма</u>***

| ТВ ТЕЛМА | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **11.03.** | 1. Марија Митева, портпаролка на ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Богданка Кузеска, портпаролка на СДСМ;<br>3. Бојан Кордалов, комуниколог; | **Топ тема** |
| **15.03.** | 1. Игор Јадровски, претседател на КЗД;<br>2. Горан Трпеноски, поранешен член на ДКСК;<br>3. Саше Димовски, новинар; | |
| **20.03.** | 1. Викторија Аврамовска - Мадиќ, претставничка на СДСМ;<br>2. Миле Лефков, претставник на ВМРО ДПМНЕ; | |
| **22.03.** | 1. Ѓулистана Марковска, поранешна пратеничка од ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Јани Макрадули, поранешен пратеник од СДСМ;<br>3. Исмет Рамадани, поранешен пратеник од ПДП; | |
| **25.03.** | 1. Санела Шкријељ, пратеничка од СДСМ;<br>2. д-р Иванка Василевска, пратеничка од ВМРО ДПМНЕ; | |
| **26.03.** | <u>Политички аналитичари</u>:<br>1. Сефер Селими;<br>2. Благојче Атанасовски;<br>3. Игор Ангелковиќ; | |
| **27.03.** | 1. Сашо Клековски, ИК на ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Андреј Петров, ИО на СДСМ; | |
| **29.03.** | 1. Татјана Димитровска – претседателка на ДКСК;<br>2. Благоја Пандовски – претседател на Транспарентност Македонија; | |
| **01.04.** | <u>Партиски секретари за меѓународни односи</u>:<br>1. Бојан Маричиќ, СДСМ;<br>2. Стефан Андоновски, ВМРО ДПМНЕ; | |

| 03.04. | 1. Александар Новаковски, поранешен претседател на ДИК;<br>2. Сефер Селими, политички аналитичар; | |
|---|---|---|

## САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 ВЕСТИ

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести во 20:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 8 март до 3 април 2024 година беа анализирани 27 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 9 часа 30 минути и 9 секунди.

***Пристапност на вестите***:

Анализираното издание на вестите беше прилагодено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување***:

Во овој период, ТВ 24 Вести преку вести, прилози и вклучувања во живо, најчесто известуваше за следниве теми: собирањето потписи за претседателските кандидатури; прегрупирањата на помалите партии меѓу двете најголеми коалиции; составот и носителите на партиските листи за Парламентарните избори; Европскиот фронт на ДУИ; отежнувањето на условите за независни листи и кандидати на изборите; вклучувањето на Стевчо Јакимовски и Катица Јанева на американската „црна листа"; политичките притисоци врз судството и пораките од американската амбасадорка; барањето од официјален Брисел државава да врати 2,2 милиони евра злоупотребени преку образовната програма „Еразмус плус"; проблемите со замената на документите за лична идентификација; предизборните набавки на луксузни автомобили за Владата и на хеликоптери за АРМ; епидемијата од „голема кашлица" и мерките за нејзино спречување; предложените измени во Законот за игри на среќа; убиството на д-р Трповски од здравствениот дом „Железара", како и за протестите на младите лекари и специјализанти.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, од член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 21: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 ВЕСТИ | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:35:15 | 6.18 % |
| СДСМ | 00:40:50 | 7.16 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:16:48 | 2.95 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:02:09 | 0.38 % |

| | | |
|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:00 | 0.35 % |
| ДИК | 00:22:25 | 3.93 % |
| Влада | 01:00:46 | 10.66 % |
| Собрание | 00:04:36 | 0.81 % |
| Претседател | 00:04:34 | 0.80 % |
| Локална самоуправа | 00:04:55 | 0.86 % |
| Други субјекти | 01:44:07 | 18.26 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:16:29 | 2.89 % |
| Демократски сојуз | 00:00:53 | 0.16 % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:28 | 0.08 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:05:37 | 0.99 % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:51 | 0.15 % |
| Јавно обвинителство | 00:13:41 | 2.40 % |
| Судство | 00:10:10 | 1.78 % |
| Граѓански сектор | 00:26:57 | 4.73 % |
| Експерти/аналитичари | 00:57:09 | 10.02 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:46 | 3.12 % |
| Левица | 00:02:10 | 0.38 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:28 | 0.08 % |
| Независни кандидати | 00:00:59 | 0.17 % |
| Граѓани | 00:30:28 | 5.34 % |
| Единствена Македонија | 00:00:28 | 0.08 % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:28 | 0.08 % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:28 | 0.08 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:11:22 | 1.99 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:08 | 1.08 % |
| Здравство | 00:34:34 | 6.06 % |
| Култура (институции и организации) | 00:11:56 | 2.09 % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:01:00 | 0.18 % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:03:44 | 0.66 % |
| Коалиција ВРЕДИ | 00:08:27 | 1.48 % |
| ЗНАМ | 00:06:56 | 1.22 % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:01:56 | 0.34 % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:00:13 | 0.04 % |
| | **Вкупно = 09:30:09** | **100 %** |

Во предизборниот период опфатен со анализата, информативната редакција емитуваше три осврта за клучните аспекти од постојниот општествено-политички амбиент во кој се одвиваат подготовките за Парламентарните и за Претседателските избори, со фокус на: предвременото почнување на предизборната кампања, наративите на партиите за изборите како избор меѓу Русија и Западот, како и на отежнувањето на процедурите и условите за учество на избори за независните кандидати.

2. **Посебни информативни емисии**:

***Пристапност на посебните информативни емисии***

Ниту една од емитуваните посебни информативни емисии – интервјуа и дебати - не беше прилагодена за лицата со попреченост.

***Интервјуа на изборни теми***
(премиерно емитувани)

***Табела 22: Интервјуа на ТВ 24 Вести***

| | ТВ 24 ВЕСТИ | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **08.03.** | Арбр Адеми, ДУИ; | - позицијата на ДУИ пред изборите;<br>- идејата за избор на претседателот на државата во Собранието;<br>- уставните измени како задача за идната влада;<br>- можноста ДУИ да оди во опозиција; | **Трилинг** |
| **08.03.** | Синиша Пекевски, политички аналитичар; | - можностите за бојкот и неисполнување на цензусот во вториот круг од Претседателските избори;<br>- стилот и насоката во кои партиите ја започнаа предизборната кампања;<br>- наводите за корупција во редовите на ДУИ и на власта;<br>- предвидувања за исходот на Парламентарните избори;<br>- уставните измени и преговарачката рамка со ЕУ; | **Трилинг** |
| **11.03**. | Неждет Мустафа, Обединета партија за еманципација; | - положбата на Ромите во општеството;<br>- состојбите во политичките партии на Ромите;<br>- тенденциите за претворање на Македонија во бинационална држава;<br>- можноста за обединување на „македонските“ политички партии; | **Студио 10** |
| **11.03.** | Максим Димитриевски, претседателски кандидат на ЗНАМ и градоначалник на Куманово; | - обвинението против него за злоупотреба на службената положба;<br>- состојбите во правосудството;<br>- подготовките за Претседателските избори;<br>- можноста ЗНАМ да освои пратенички места на Парламентарните избори;<br>- личните односи со СДСМ;<br>- спорот со Бугарија и напредокот на земјава кон ЕУ; | **Аргумент плус** |
| **12.03.** | Сотир Костов, политички аналитичар; | - лидерите во македонската политика;<br>- поединечна анализа на кандидатите за претседател на државата и нивните позиции пред изборната трка;<br>- комбинаторики околу поддршката во вториот круг од Претседателските избори;<br>- можноста да не се исполни цензусот во вториот круг; | **Студио 10** |
| **12.03.** | Исмет Рамадани, поранешен пратеник и советник на експремиерот Ковачевски; | - резолуцијата на американскиот Сенат со која се бара „безусловен почеток на преговорите“ на Македонија со ЕУ;<br>- односот на опозицијата кон внесувањето на Бугарите во Уставот;<br>- насоката по која се движи државата и геополитичките импликации;<br>- руското влијание во Бугарија и во Македонија; | **Аргумент плус** |
| **13.03.** | Стевчо Јакимовски, | - собирањето потписи и кандидатурата за претседател на државата; | **Студио 10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | претседателски кандидат на ГРОМ и градоначалник на Општина Карпош; | - спорот со Бугарија;<br>- уставните измени и евроинтеграцијата;<br>- политиките на ЕУ кон Македонија;<br>- економскиот развој;<br>- состојбите во правосудството; | |
| **13.03.** | проф. д-р Самоил Малчевски, политички аналитичар; | - внатрешните процеси во ВМРО ДПМНЕ;<br>- наративите на партиите во предизборието;<br>- состојбите во блокот партии на Албанците;<br>- резултатите на актуелната власт;<br>- Претседателските избори, кандидатите и шансите за поддршка во вториот круг;<br>- носителите на листите на ВМРО ДПМНЕ на Парламентарните избори; | **Студио 10** |
| **14.03.** | Илија Николовски, Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија; | - положбата на пензионерите во општеството;<br>- иницијативата за воведување минимална пензија;<br>- Претседателските избори;<br>- коалицијата со СДСМ и поддршката за Пендаровски;<br>- уставните измени и интеграцијата во ЕУ; | **Студио 10** |
| **14.03.** | Благојче Атанасовски, политички аналитичар; | - Претседателските избори како увертира за Парламентарните;<br>- предизборните условувања на ДУИ;<br>- идејата за избор на претседателот на државата во Собранието;<br>- обединувањето во политичкиот блок на Албанците;<br>- вториот круг од Претседателските избори и можноста да не се исполни цензусот;<br>- уставните измени и интеграцијата во ЕУ; | **Студио 10** |
| **15.03.** | проф. д-р Гордана Силјановска - Давкова, кандидатка на ВМРО ДПМНЕ за претседателка на државата; | - односот на ЕУ кон Македонија и процесот на интеграција во Унијата;<br>- позиционирањето во односите со соседните земји;<br>- уставните измени како услов за коалиции со партиите на Албанците;<br>- упадот во Собранието во 2017 година и казните за учесниците;<br>- идејата претседателот на државата да се избира во Собранието; | **Трилинг** |
| **15.03.** | Изет Меџити, Коалиција ВРЕДИ; | - состојбите во блокот партии на Албанците по обединувањето на опозицијата;<br>- условите за формирање на идната влада;<br>- потребата ДУИ и Ахмети да одат во опозиција;<br>- можноста за формирање влада без партија од албанскиот блок;<br>- уставните измени и интеграцијата во ЕУ;<br>- корупцијата и неказнивоста на функционерите; | **Трилинг** |
| **18.03.** | Љубомир Гајдов, политички аналитичар; | - интеграцијата во ЕУ и актуелните изрази на поддршка од САД;<br>- корупцијата и слабиот одговор од државата;<br>- европското барање за активирање на „Хашките случаи“;<br>- идејата за избор на претседател на државата во Собранието;<br>- можноста да не се исполни цензусот во вториот круг од Претседателските избори; | **Студио 10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - измените во Кривичниот законик и наводниот консензус меѓу големите партии околу неказнивоста на сите функционери; | |
| **18.03.** | Зоран Димитровски, Демократски сојуз; | - позиционирањето на партијата на претстојните избори;<br>- причините на ДС за напуштање на владината коалиција;<br>- неуспешното барање за воведување на промена на изборниот систем кон една изборна единица;<br>- монополизацијата на политичкиот простор од страна на големите партии;<br>- преговорите за коалиција со ВМРО ДПМНЕ;<br>- „ДУИ-зацијата“ на политичкиот систем;<br>- организираниот криминал и борбата против него;<br>- состојбите во правосудството;<br>- комбинаторики за формирање на идната влада; | **Студио 10** |
| **18.03.** | Благоја Пандовски, Транспарентност Македонија; | - вклучувањето на Катица Јанева и Стевчо Јакимовски на американската „црна листа“;<br>- случаите на злоупотреба на државни ресурси за партиски активности во предизборието;<br>- позицијата и овластувањата на ДКСК во нашиот политички систем;<br>- корупцијата меѓу политичките елити и неказнивоста на функционерите; | **Аргумент плус** |
| **18.03.** | Стефан Богоев, СДСМ; | - вклучувањето на Катица Јанева и Стевчо Јакимовски на американската „црна листа“;<br>- македонскиот Закон за рестриктивни мерки;<br>- комбинаторики за носителите на партиските листи;<br>- претстојниот конгрес на СДСМ;<br>- влијанието на ЗНАМ и Максим Димитриевски врз резултатот на СДСМ на изборите;<br>- несудениот заеднички предизборен Европскиот фронт на СДСМ и ДУИ;<br>- предизборните анкети и нивната релевантност;<br>- спорот со Бугарија, уставните измени и интеграцијата во ЕУ; | **24 Анализа** |
| **18.03.** | Владо Мисајловски, ВМРО-ДПМНЕ | - вклучувањето на Катица Јанева и Стевчо Јакимовски на американската „црна листа“;<br>- борбата против корупцијата;<br>- предложениот Закон за рестриктивни мерки;<br>- позиционирањето на партиските листи за Парламентарните избори;<br>- блокираната интеграција на државата во ЕУ и спорот со Бугарија;<br>- предизборните анкети;<br>- коалицискиот потенцијал на ВМРО ДПМНЕ; | **24 Анализа** |
| **19.03.** | Благојче Атанасовски, политички аналитичар; | - вклучувањето на Стевчо Јакимовски на американската „црна листа“;<br>- можното влијание на овој потег врз Претседателските избори;<br>- предизборната позиција на ДУИ по две децении во власта;<br>- обединувањето на опозицијата кај партиите на Албанците; | **Аргумент плус** |
| **21.03.** | Милан Стефановски, политички аналитичар; | - Стевчо Јакимовски и Катица Јанева на американската „црна листа“;<br>- корупцијата како најголем проблем во општеството;<br>- опасностите од дестабилизација на државата однадвор;<br>- Претседателските избори и можноста во вториот круг да не се исполни цензусот; | **Студио 10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - уставните измени и интеграцијата на земјата во ЕУ; | |
| **22.03.** | Татјана Димитровска, претседателка на ДКСК; | - финансирањето на политичките партии во кампањата;<br>- донациите и законски пропишаните лимити;<br>- злоупотребата на државни ресурси во партиски цели во предизборието;<br>- позицијата на ДКСК во системот и нејзините надлежности; | **Аргумент плус** |
| **22.03.** | Андреј Петров, СДСМ; | - неуспешната иницијатива за заеднички Европски фронт на ДУИ и СДСМ на изборите;<br>- идната влада и европската насока на државата;<br>- односите меѓу досегашните коалициски партнери во Владата;<br>- идејата за избор на претседател на државата во Собранието;<br>- уставните измени;<br>- можноста да не се исполни цензусот во вториот круг од Претседателските избори;<br>- зголемувањето на платите на функционерите; | **Трилинг** |
| **25.03.** | Бојан Кордалов, комуниколог; | - ПР-пристапот на партиите во претставувањето во јавноста пред изборите;<br>- значењето на телевизиските соочувања на кандидатите во денешно време;<br>- понудата на партиите наспроти потребите на граѓаните;<br>- црната кампања како избор на партиите; | **Аргумент плус** |
| **25.03.** | Арсим Зеколи, политички аналитичар и поранешен дипломат; | - интеграцијата во ЕУ и идната влада<br>- уставните измени за внесување на Бугарите;<br>- односот на меѓународната заедница кон овие процеси;<br>- комбинаторики за формирање на идната влада;<br>- позицијата на ДУИ меѓу партиите на Албанците;<br>- можноста за формирање влада на широка коалиција; | **24 Анализа** |
| **27.03.** | Бранко Героски, новинар; | - изборите и партиите наспроти очекувањата на граѓаните;<br>- предизборните анкети и расположението кај гласачите;<br>- наметнатата поделба на граѓаните на проевропски и проруски ориентирани;<br>- можностите за брзо формирање влада по изборите;<br>- уставните измени и интеграцијата во ЕУ; | **Студио 10** |
| **28.03.** | Стефан Андоновски, ВМРО ДПМНЕ, дополнителен заменик-министер за информатичко општество и администрација; | - каква јавна администрација ни е потребна;<br>- предизборните вработувања во администрацијата;<br>- превработеноста наспроти недостигот од кадар во некои институции;<br>- постоењето вработени административци кои не одат на работа;<br>- „балансерот“ за вработување по етнички клуч и наводните злоупотреби;<br>- можностите на ВМРО ДПМНЕ за евентуални коалиции за формирање на идната влада; | **Студио 10** |
| **28.03.** | Горан Арсовски, Комунистичка партија на Македонија; | - партизацијата на општеството и монополизацијата на политичката сцена од страна на големите партии;<br>- комунистичката идеологија во модерното време;<br>- југоносталгијата кај нас и во земјите од поранешна Југославија;<br>- идејата за промена на изборниот модел кон една изборна единица и отворени листи; | **Студио 10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **28.03.** | Ненад Јовановиќ, политички аналитичар | - понудата на партиите од актуелната власт на претстојните избори;<br>- клиентелизмот во општеството и корупцијата;<br>- причините за привлечноста на работата во јавната администрација;<br>- политичките „европски фронтови“ во пресрет на изборите;<br>- коалицискиот капацитет на ВМРО ДПМНЕ како предизвик за формирање на новата влада;<br>- опасностите од „бугарско сценарио“ во државава/неможност да се формира влада подолг период; | **Студио 10** |
| **29.03.** | Славјанка Петровска, министерка за одбрана и носителка на изборна листа на СДСМ; | - придобивките од членството на земјава во НАТО;<br>- безбедноста на државата од надворешни и внатрешни закани;<br>- влијанието на војната во Украина врз Балканот;<br>- руското влијание во регионот;<br>- хакерските напади и пропустите во заштитата на виталните институции;<br>- набавката на хеликоптери за АРМ во предизборен период;<br>- неуспехот на иницијативата за заеднички предизборен Европски фронт на СДСМ и ДУИ;<br>- веродостојноста на предизборните анкети;<br>- уставните измени и идната влада;<br>- изборните листи на СДСМ и коалицијата; | **Трилинг** |
| **29.03.** | Александар Михајлоски, адвокат и поранешен иницијатор за реформи во ВМРО ДПМНЕ; | - актуелната политичка позиција на ВМРО ДПМНЕ и состојбите во партијата;<br>- потребата од симнување на ДУИ од власт;<br>- идејата за закон за амнестија на учесниците од настаните на 27 април 2017 година;<br>- „Хашките случаи“ и иницијативата да бидат повторно отворени;<br>- измените во Кривичниот законик;<br>- општите состојби во правосудството;<br>- „црната листа“ на САД на политичари вмешани во корупција; | **Трилинг** |
| **03.04.** | Јорданка Черепналкова - Трајковска, Институт за комуникациски студии (ИКС) | - истражувањето на ИКС за штетните наративи во комуникацијата на политичките партии и нивното пренесување во медиумите;<br>- влијанието на штетните наративи во јавната комуникација;<br>- најчесто користените вакви наративи од партиите;<br>- односот на медиумите кон дискурсот што го наметнуваат партиите. | **Студио 10** |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Од 8 март до 3 април премиерно беа емитувани вкупно 15 дебатни емисии, во чии рамки беа опфатени следниве теми: очекувања на граѓаните од изборниот процес; изборот на носители на партиските листи; уставните измени како услов за формирање влада по изборите; комбинаторики околу цензусот на Претседателските избори и поддршката во вториот круг; предизборните анкети; можноста за политичка криза по изборите; предизборните групирања во големите политички коалиции; регистрирањето на Стевчо Јакимовски на „црната листа“ на САД и импликациите врз претседателската изборна трка; влијанието на политиката во правосудството; неказнивоста на корупцијата меѓу политичките елити; состојбите во ДУИ и во блокот партии на Албанците; предизборната кампања и наративите на партиите; идејата за една изборна единица во државата; изборниот модел и неговото влијание врз малите партии; вработувањето по етнички клуч во јавната администрација; придобивките од членството на државата во НАТО;

***Табела 23: Дебатни емисии на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 ВЕСТИ | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **11.03.** | 1. Санела Шкријељ, СДСМ;<br>2. Благица Ласовска, ВМРО ДПМНЕ; | **24 Анализа** |
| **12.03.** | 1. Љубчо Георгиевски, ВМРО НП;<br>2. Марјан Ѓорчев, ВМРО ДПМНЕ; | **24 Отворено** |
| **13.03.** | 1. Даниела Марковска, СДСМ;<br>2. Халил Снопче, коалиција ВРЕДИ; | **Аргумент плус** |
| **13.03.** | 1. Соња Крамарска, новинарка;<br>2. Сефер Селими, политички аналитичар;<br>3. Владимир Божиновски, политички аналитичар; | **24 Анализа** |
| **14.03.** | 1. Башким Бакиу, Коалиција ВРЕДИ;<br>2. Љупчо Пренџов, пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ;<br>3. Снежана Калеска - Ванчева, СДСМ;<br>4. Арбен Зибери, ДУИ; | **24 Анализа** |
| **20.03.** | 1. Лилјана Поповска, поранешна пратеничка;<br>2. Ѓорги Танушев, советник од независната листа „Стига е!“ во Општина Струмица; | **Студио 10** |
| **20.03.** | 1. Сефер Тахири, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Алберт Муслиу, политички аналитичар; | **24 Анализа** |
| **21.03.** | 1. Жидас Даскаловски, универзитетски професор;<br>2. Насер Селмани, новинар;<br>3. Андреја Стојковски, извршен директор на „Форум Преспа“; | **24 Анализа** |
| **26.03.** | 1. Сафет Бишевац, поранешен пратеник;<br>2. Ѓулистана Марковска, поранешна пратеничка;<br>3. Љубиша Николовски, новинар и политички аналитичар; | **24 Отворено** |
| **27.03.** | 1. Јорго Огненовски, Демократи;<br>2. Јанко Бачев, Единствена Македонија | **Студио 10** |
| **27.03.** | 1. Исен Салиу, новинар и политички аналитичар;<br>2. Љупчо Зиков, новинар и политички аналитичар;<br>3. Никола Тасев, новинар и политички аналитичар; | **24 Анализа** |
| **28.03.** | 1. Дарко Каевски, СДСМ;<br>2. Наим Бајрами, АА-крило на Зијадин Села;<br>3. Бране Петрушевски, ВМРО-ДПМНЕ; | **24 Анализа** |
| **01.04.** | 1. Солза Грчева, Глас за Македонија;<br>2. Билјана Јовановска, Десница; | **Студио 10** |
| **02.04.** | 1. Мерсел Биљали, политички аналитичар;<br>2. Зоран Димитровски, Демократски сојуз; | **24 Отворено** |
| **02.02.** | 1. Даниела Колева, СДСМ;<br>2. Благица Ласовска, ВМРО-ДПМНЕ; | **24 Анализа** |

## КАБЕЛСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 21-М

### 1. Дневно-информативни емисии:

***Примерок за анализата:***

Вести во 18:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 8 март до 3 април анализирани се 27 изданија на централните вести (на албански јазик), со вкупно времетраење на анализираните прилози од 8 часа 40 минути и 37секунди.

***Пристапност на вестите***:

Ниту едно издание на централните вести на ТВ 21-М не беше приспособено за лицата со попреченост.

***Главни теми и начин на известување:***

Во дневно-информативните емисии на ТВ 21-М, завршниот дел од предизборниот период - од 8 март до 3 април 2024 година, главно беше обработен низ вести и извештаи за организациските активности на ДИК околу спроведувањето на двата изборни процеса, односно официјализирањето на претседателските кандидатури и потврдувањето на пратеничките листи за Парламентарните избори. Низ тие два основни новинарски жанра беа презентирани поенти од партиските изборни платформи, но и постојаните меѓусебни критики како приказ на заострената политичка реторика и општата атмосфера пред формалниот старт на кампањата, амортизирани преку ставовите на политичките аналитичари. Со новинарски осврт беше анализирана темата за проширувањето на изборната коалиција наречена Европски фронт, предводена од владејачката ДУИ, чии предизборни активности беа директно критикувани и од опозициската коалиција обединета под слоганот - ВРЕДИ.

Другите теми за централниот ТВ Дневник најчесто беа од областа на здравството, посебно во врска со т.н. „голема кашлица“, обработувана низ разговори со претставници на одговорните здравствени институции, при што беа пренесувани и изјавите на Илир Демири, актуелниот министер за здравство и на Рената Младеновска, директорката на Државниот санитарен и здравствен инспекторат. Тековни теми во вестите беа и промената на документите за лична идентификација, инфраструктурните проекти, судски случаи, протести на синдикати од различни општествени сектори, како и завршните собраниски расправи околу Законот за нефер трговски практики и Законот за игри на среќа.

ТВ 21-М при известувањето го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, и овозможи слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, како што е предвидено со членот 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 24: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови на ТВ21-М***

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:40:59 | 7.87 % |
| СДСМ | 00:39:26 | 7.57 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:48:53 | 9.39 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:57 | 0.18 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:06:11 | 1.19 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:05 | 0.40 | % |
| ДИК | 00:06:54 | 1.33 | % |
| Влада | 00:55:14 | 10.61 | % |
| Собрание | 00:01:55 | 0.37 | % |
| Претседател | 00:01:54 | 0.36 | % |
| Локална самоуправа | 00:09:58 | 1.92 | % |
| Други субјекти | 01:15:20 | 14.47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:16 | 1.39 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:04:18 | 0.83 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:22 | 0.45 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:21 | 0.84 | % |
| Судство | 00:04:39 | 0.89 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:29 | 1.63 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:58 | 2.30 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:00 | 1.15 | % |
| Левица | 00:01:48 | 0.34 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:34 | 0.11 | % |
| АРМ | 00:01:04 | 0.20 | % |
| Граѓани | 00:27:22 | 5.26 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:34 | 0.11 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:09:00 | 1.73 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:08:42 | 1.67 | % |
| Здравство | 00:08:50 | 1.70 | % |
| Бошњачки демократски сојуз | 00:01:16 | 0.24 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:03:52 | 0.74 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:16:08 | 3.10 | % |
| Коалиција ВРЕДИ | 01:01:03 | 11.73 | % |
| ЗНАМ | 00:05:17 | 1.01 | % |
| Движење на народот (Скендер Реџепи) | 00:06:58 | 1.34 | % |
| Европска демократска партија (А.Хоџа) | 00:03:31 | 0.68 | % |
| Европски фронт | 00:21:54 | 4.21 | % |
| Унија на Ромите | 00:03:35 | 0.69 | % |
| | **Вкупно = 08:40:37** | **100** | **%** |

**2. <u>Посебни информативни емисии</u>**:

***<u>Пристапност на посебните информативни емисии</u>***:

Ниту една од посебните информативни емисии – интервјуата и дебати – што ТВ 21-М ги реализираше во мониторираниот предизборен период, не беше приспособена за лицата со попреченост.

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

***<u>Табела 25: Интервјуа на ТВ21-М</u>***

| | ТВ 21-М | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **13.03.** | Вјолце Бериша, Алијанса за Албанците (Зијадин Села); | - одлуката на АА за претстојните избори;<br>- за што преговара партијата во овие избори;<br>- субвенциите во земјоделскиот сектор; | **10 минути** |
| **14.03.** | Бојан Маричиќ, СДСМ, вицепремиер за европски прашања; | - обврските како прв вицепремиер;<br>- уставните измени;<br>- преговарачкиот процес;<br>- изборната кампања; | **Клик Плус** |
| **15.03.** | Бојан Стојановски, ВМРО ДПМНЕ; | - Законот за нефер трговски практики;<br>- Законот за стратешки инвестиции;<br>- избори, коалиции, кандидати; | **10 минути** |
| **18.03.** | Блерим Беџети, ДУИ; | - дали има „огнена група“ во ДУИ;<br>- одлуката на Изет Меџити да се оддели од ДУИ;<br>- Претседателските и Парламентарните избори;<br>- изборните очекувања; | **Клик Плус** |
| **20.03.** | Скендер Реџепи Зејд, претседател на Движење за народот; | - коалицијата со ДУИ;<br>- дали се очекува дека ќе има други коалиции со други партии во Европскиот фронт;<br>- очекување од претстојните избори; | **10 минути** |
| **21.03.** | Стефан Андоновски, дополнителен заменик - министер во МИОА и меѓународен секретар на ВМРО ДПМНЕ; | - капацитетот и реформите на администрацијата;<br>- уставните измени;<br>- изборните резултати; | **Клик Плус** |
| **25.03.** | Изет Меџити, Коалиција ВРЕДИ; | - разликата помеѓу ДУИ и ВРЕДИ;<br>- анализа на претседателските кандидати;<br>- изборната програма;<br>- незаконските градби во Општина Чаир;<br>- изборната трка во ИЕ 1 и ИЕ 2;<br>- вмешаноста на Албин Курти во државата и во изборите;<br>- очекуваниот број пратеници по изборите; | **Клик Плус** |
| **26.03.** | Зијадин Села, претседател на Собранието на Алијанса за Албанците; | - (не)одлучност околу коалициското партнерство;<br>- преговорите со ДУИ за приклучување кон Европскиот фронт;<br>- условите кои ги бараат од ДУИ;<br>- изборната кампања; | **Клик Плус** |
| **28.03.** | Курто Дудуш, претседател на Унијата на Ромите | - коалицијата со Европскиот фронт;<br>- коментар за опозицијата;<br>- очекување од Претседателските избори; | **10 минути** |
| **28.03.** | Александар Николовски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - проекција на бројот на пратенички мандати;<br>- дали албанската опозиција сака уставни измени?;<br>- треба ли да има ветинг во судството?;<br>- изборните листи;<br>- споредба со претходните Парламентарни избори; | **Клик Плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **28.03.** | Сања Лукаревска, потпретседателка на СДСМ; | - активностите на Партијата во овој предизборен период;<br>- нејзината кандидатура во ИЕ 3;<br>- коментар за албанската опозиција;<br>- колку уставните измени ќе влијаат врз кампањата;<br>- борбата со корупцијата;<br>- влијанието на резултатите од Претседателските избори врз Парламентарните избори;<br>- постизборни коалициски договори; | **Клик Плус** |
| **01.04.** | Садула Дураку, Европски фронт | - обидот за атентат врз градоначалникот на Општина Арачиново;<br>- мислење за листата на пратеници на Коалицијата ВРЕДИ;<br>- понудата на ДУИ во рамките на Европскиот фронт;<br>- ДУИ против ВРЕДИ во ИЕ 1;<br>- дали патриотизмот се користи за изборни кампањи; | **Клик Плус** |
| **02.04.** | Моника Зајкова, претседателка на ЛДП; | - очекувањата од изборната кампања;<br>- уставните измени;<br>- одлуката за Законот за градење;<br>- Законот за санкции; | **Дневен Клик Плус** |
| **03.04.** | Блерим Сејдиу, потпретседател на Движењето Беса и градоначалник на Општина Желино. | - изборната кампања;<br>- уставните измени;<br>- спојувањето на БЕСА и Алтернатива; | **Дневен Клик Плус** |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Реализирани беа две дебатни соочувања на претставници од изборните штабови на директните конкуренти за Претседателските избори – Бујар Османи и Арбен Таравари – поддржани од коалицијата Европски фронт, предводена од владејачката партија ДУИ, односно од опозицискиот коалициски блок обединет под слоганот ВРЕДИ. Покрај медијаторската улога на новинарот водител, во една од дебатите учествуваа и политички аналитичари на изборниот процес.

***<u>Табела 26: Дебати на ТВ21-М</u>***

| **ТВ 21-М** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **11.03.** | 1. Фадил Зендели, ВРЕДИ;<br>2. Арбр Адеми, ДУИ;<br><br><u>политички аналитичари:</u><br>3. Бесим Хода;<br>4. Сефер Селими; | - разликите помеѓу промотивните конвенции на Арбен Таравари (ВРЕДИ) и на Бујар Османи (ДУИ);<br>- анализа за двата изборни процеса; | **КЛИК ПЛУС** |
| **01.04.** | 1. Мехмет Жаку, изборен штаб на Бујар Османи (ДУИ);<br>2. Башким Бакиу, изборен штаб на | - улогата на претседателскиот изборен штаб;<br>- осврт кон изборната кампања;<br>- заложбите и искуствата на кандидатите;<br>- предности и пречки на двајцата претседателски кандидати. | **Дневен Клик Плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Арбен Таравари (ВРЕДИ); | | |